**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Филозофски факултет – Институт за педагогија**

**Студиска програма: Менаџмент во образованието**

# ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ОДНОС НА СОРАБОТКАТА СО СЕМЕЈСТВОТО

-Магистерски труд-

Ментор: Кандидат:

Проф. д-р Алма Тасевска Данче Димовска

Скопје, ноември, 2023 година

# Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

## АПСТРАКТ

Родителите се најважните личности во животот на детето, тие учествуваат во учењето и развојот на детето од неговото раѓање, ја дефинираат културата и системот на вредности на кои се темели социјализацијата на детето. Кога училиштето и семејството соработувајќи го поттикнуваат детето да учи, тоа повеќе го сака училиштето, покажува подобри резултати и подолго се задржува во образовниот процес. Соработката помеѓу семејството и училиштето, односно сите негови субјекти соработуваат за да го поттикнат учењето и здравиот развој на децата и во училиштето и дома, заради поголема успешност во тоа, редовно ги користат можностите за усвојување нови знаења и вештини.

Поаѓањето на детето во училиште не значи и престанок на родителската активна улога во воспитанието на учениците, родителот треба да остварува постојана и активна соработка со училиштето. Родителството е многу сложена и слоевита улога во животот на секој поединец за која никој не го подготвува, затоа вклучувањето на родителите во училишниот живот на децата има големо значење бидејќи ги зголемува родителските вештини и информациите што ги имаат за своите деца како и важни информации за очекувањата на училиштето. Соработката на родителите и училиштето е важна за создавање поволни училишни и семејни услови за целокупниот развој на детето бидејќи родителите играат клучна улога во животот на детето и нивниот однос со децата, како и за квалитетот на растот и развојот на детето.

Вклучувањето на родителите и семејството не подразбира само учество во активностите, настаните и програмите кои го сочинуваат детскиот свет, туку и доволно добро познавање и разбирање на детето за да се знае што значи определено негово расположение или како тоа се снаоѓа во тешки околности и ситуации. Партнерството на училиштето со родителите придонесува за подобро усогласување на домашната средина и средината за учење.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Колку оваа значајна соработка се применува и колку родителите навистина се запознаени и вклучени во воспитно-образовниот процес и останатите активности во училиштето и какво е влијанието на оваа соработка врз успехот на учениците како и врз самата релација родител - дете е она што ме мотивира да се определам за обработка на оваа тематика. Односно да се прикажат теоретски и емпириски знаења на важноста од вклученоста на родителите во училишниот живот на децата.

***Клучни зборови:*** *соработка, родители, наставен кадар, училиште, стручна служба, успех.*

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**


## ABSTRACT

Parents are the most important people in the life of the child, they participate in the learning and development of the child from birth, define the culture and value system on which the socialization of the child is based. When the school and the family work together to encourage the child to learn, it prefers the school, shows better results and stays longer in the educational process. The cooperation between the family and the school, ie all its subjects cooperate in order to encourage the learning and healthy development of the children both in the school and at home and, for greater success in that, regularly use the opportunities for acquiring new knowledge and skills.

The departure of the child to school does not mean the termination of the active parental role in the education of the students. The parent should have constant and active cooperation with the school. Parenting is a very complex and layered role in the life of every individual for which no one prepares, so the involvement of parents in the school life of children is very important because it increases the parenting skills and information they have about their children as well as important information about expectations. at school. The cooperation of parents and the school is important for creating favorable school and family conditions for the overall development of the child and because parents play a key role in the life of the child and their relationship with children as well as the quality of growth and development of the child. Involvement of parents and family means not only participation in the activities, events and programs that make up the child's world, but also a good enough knowledge and understanding of the child to know what a certain mood means or how it copes in difficult circumstances and situations. The partnership with the parents contributes to a better harmonization of the home environment and the learning environment.

How much this important cooperation is applied and how much the parents are really acquainted and involved in the educational process and other activities in the school and what is the impact of this cooperation on the success of the students as well as on the parent-child relationship itself is what motivates me to decide to work on this topic. That is, to present theoretical and empirical knowledge of the importance of parental involvement in the school life of children.



***Keywords:*** *cooperation, parents, teaching staff, school, professional service, success.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 1
I ДЕЛ ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 3
1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ..... 4
2.1. Училишна структура ..... 8
2.2. Училишна култура ..... 11
3. СЕМЕЈСТВОТО - ПРВИЧЕН ОБРАЗОВЕН ФАКТОР ..... 15
3.1. Семејство како општествена категорија ..... 16
3.2. Значењето на семејството за развојот и воспитанието на децата ..... 18
4. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО СЕМЕЈСТВОТО ..... 20
4.1. Форми на соработка на училиштето со семејството ..... 25
4.2. Цел на соработка помеѓу семејството и училиштето ..... 28
4.3. Значење на соработката на семејството и училиштето ..... 29
5. СОРАБОТКАТА НА СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОДОБАР УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 31
5.1. Партнерска соработка помеѓу училиштето и семејството ..... 33
6. СОРАБОТКА СО СЕКОЈА СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 35
6.1. Соработка преку Совет на родители ..... 35
6.2. Соработка преку Училиштен одбор ..... 36
6.3. Соработката на наставниот кадар со семејството ..... 38
6.4. Соработка на стручна служба со семејството ..... 39
6.4.1. Советување родители ..... 41
7. СОРАБОТКА И УЧЕСТВО НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 43
8. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ..... 46
8.1. Релевантно истражување спроведено во Турција ..... 46
8.2. Релевантно истражување спроведено на Харвард ..... 49
8.3. Релевантни истражувања спроведени во Португалија и други европски земји ..... 50

8.4. Релевантно истражување спроведено во Република Србија ..................... 51

II ДЕЛ МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................53

1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО........................................................54

2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..........................................55

3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..........................................................56

4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.......................................................57

5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.......................................................58

6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ................58

7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК...................................................................59

8. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ................................59

9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ......................................60

III ДЕЛ АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ........................................................................................ 61

1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета наменета за наставен кадар ..........................................................................................................63

2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета наменета за семејствата/родителите ........................................................................................ 80

3. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета наменета за стручната служба во училиштето..........................................................................................98

IV ДЕЛ ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ........................................113

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.............................................................................120

V ДЕЛ ПРИЛОЗИ ..............................................................................................124

ПРИЛОГ БР. 1 ..................................................................................................... 125

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВЕН КАДАР ............................................ 125

ПРИЛОГ БР. 2 ......................................................................................................128

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ ..........................................................128

ПРИЛОГ БР. 3 ......................................................................................................132

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СТРУЧНА СЛУЖБА ............................................. 132

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

**Содржина на табели**

Табела бр. 1: Ставови на наставниот кадар за редовно и навремено информирање на родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца....................................................................................................64
Табела бр. 2: Ставови на наставниот кадар за примена на доволно соодветни начини на соработка со родителите....................................................................65
Табела бр. 3: Ставови на наставниот кадар во однос на навремено и редовно одржување на родителските средби....................................................................66
Табела бр. 4: Ставови на наставниот кадар за остварување контакти со родителите при планирање воннаставни активности..................................68
Табела бр. 5: Ставови на наставниот кадар за одржување отворен ден за родители во училиштето..........................................................................69
Табела бр. 6: Ставови на наставниот кадар за прифаќање предлози од родители, за постигнати позитивни ефекти и самостојното и доброволно обраќање на родителите............................................................................70
Табела бр. 7: : Ставови на наставниот кадар за претставник во Советот на родители од секое одделение............................................................................72
Табела бр.8: Ставови на наставниот кадар за остварување соработка со родителите на ниво на училишни тимови и вклучување на родителите во реализација на проекти во училиштето...........................................................74
Табела бр. 9: Ставови на наставниот кадар за изработка на програма за соработка со родители во склоп на годишните програми за работа...................76
Табела бр. 10: Ставови на наставниот кадар за вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес во училиштето...................................................77
Табела бр. 11: Ставови на наставниот кадар за информирање и вклучување на родителите во наставниот план и програма за работа.......................................78
Табела бр. 12: Ставовите на родителите/старателите во однос на организациската поставеност на училиштето и соработката со нив...................80
Табела бр. 13: Ставовите на родителите/старателите за начините на соработка на училиштето.....................................................................................................81
Табела бр. 14: Ставовите на родителите/старателите за нивна вклученост во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на

училиштето и нивната вклученост во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето.....................................................83
Табела бр. 15: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во процесот на планирање воннаставни активности во училиштето.................85
Табела бр. 16: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот и работата на управниот орган и функционирањето на Советот на родители..........................................................................................................86
Табела бр. 17: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот на училишните тимови и во реализација на проекти во училиштето.....................................................................................................88
Табела бр. 18: Ставовите на родителите/старателите за навремено и целосно информирање за успехот и постигнувањата на нивното дете, нивната вклученост во воспитно-образовниот процес, ефектот и влијанието од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето..............................90
Табела бр. 19: Ставовите на родителите/старателите за прифатеноста на нивните препораки и сугестии од страна на раководниот орган на училиштето и за квалитетот на нивната соработка.........................................................93
Табела бр. 20: Ставовите на родителите/старателите за нивната соработка со стручната служба на училиштето.....................................................................95
Табела бр. 21: Ставовите на родителите/старателите за реализираноста на отворени денови за родители во училиштето...............................................96
Табела бр. 22: Ставот на стручните соработници за квалитетот на соработка со родителите во училиштето ..........................................................................97
Табела бр. 23: Ставот на стручните соработници за реализирање на советување и советодавно-консултативни разговори со родителите.....................................99
Табела бр. 24: Ставот на стручните соработници за реализирање предавања и работилници на стручни теми за родителите и предавања за професионалниот развој на учениците, односно за нивното понатамошно образование...............100
Табела бр. 25: Ставот на стручните соработници за овозможување квалитетна и континуирана соработка со родителите од страна на раководното тело..................................................................................................................102
Табела бр. 26 Ставот на стручните соработници за вклученоста на родителите во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училштето.........................................................................................................103

Табела бр. 27: Ставот на стручните соработници за одржување редовни состаноци на Советот на родители.........105
Табела бр. 28: Ставот на стручните соработници за учеството на родителите во одредени проекти .........106
Табела бр. 29: Ставот на стручните соработници за навремено информирање на родителите за сите новини во воспитно-образовниот процес и за одржување отворени денови.........107
Табела бр. 30: Ставот на стручните соработници за водење евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби, планирање на начините на соработка со родителите и за постигнувања кај учениците..........109

**Содржина на графикони**

Графикон бр. 1: Ставови на наставниот кадар за редовно и навремено информирање на родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца.........64
Графикон бр. 2: Ставови на наставниот кадар за примена на доволно соодветни начини на соработка со родителите.........65
Графикон бр. 3: Ставови на наставниот кадар во однос на навремено и редовно одржување родителски средби.........67
Графикон бр. 4: Ставови на наставниот кадар за остварување контакти со родителите при планирање вонннаставни активности.........68
Графикон бр. 5: Ставови на наставниот кадар за одржување отворен ден за родители во училиштето.........69
Графикон бр. 6: Ставови на наставниот кадар за прифаќање предлози од родители, за постигнати позитивни ефекти и самостојното и доброволно обраќање на родителите.........71
Графикон бр. 7: Ставови на наставниот кадар за претставник во Советот на родители од секое одделение.........73
Графикон бр. 8: Ставови на наставниот кадар за остварување соработка со родителите на ниво на училишни тимови и вклучување родители во реализација на проекти во училиштето.........74
Графикон бр. 9: Ставови на наставниот кадар за изработка на програма за соработка со родители во склоп на годишните програми за работа.........76

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

Графикон бр. 10: Ставови на наставниот кадар за вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес во училиштето.........................................77
Графикон бр. 11: Ставови на наставниот кадар за информирање и вклучување на родителите во наставниот план и програма за работа...................................79
Графикон бр. 12: Ставовите на родителите/старателите во однос на организациската поставеност на училиштето и соработката со нив.………..........80
Графикон бр. 13: Ставовите на родителите/старателите за начините на соработка на училиштето...........................................................................82
Графикон бр. 14: Ставовите на родителите/старателите за нивна вклученост во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето и нивната вклученост во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето............................................................84
Графикон бр. 15: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во процесот на планирање воннаставни активности во училиштето...................................................................................................85
Графикон бр. 16: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот и работата на управниот орган и функционирањето на Советот на родители.................................................................................................................87
Графикон бр. 17: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот на училишните тимови и во реализација на проекти во училиштето.................................................................................................88
Графикон бр. 18: Ставовите на родителите/старателите за навремено и целосно информирање за успехот и постигнувањата на нивното дете, нивната вклученост во воспитно-образовниот процес, ефектот и влијанието од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето..............................91
Графикон бр. 19: Ставовите на родителите/старателите за прифатеноста на нивните препораки и сугестии од страна на раководниот орган на училиштето и за квалитетот на нивната соработка...............................................................94
Графикон бр. 20: Ставовите на родителите/старателите за нивната соработка со стручната служба на училиштето...................................................................95
Графикон бр. 21: Ставовите на родителите/старателите за реализираноста на отворени денови за родители во училиштето...........................................................................................96

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

Графикон бр. 22: Ставот на стручните соработници за квалитетот соработка со родителите во училиштето……………………………………………………………………98
Графикон бр. 23: Ставот на стручните соработници за реализирање на советување и советодавно-консултативни разговори со родителите………………..99
Графикон бр. 24: Ставот на стручните соработници за реализирање предавања и работилници на стручни теми за родителите и предавања за професионалниот развој на учениците, односно за нивното понатамошно образование…………………………………………………………………………………………………101
Графикон бр. 25: Ставот на стручните соработници за овозможување квалитетна и континуирана соработка со родителите од страна на раководното тело……………………………………………………………………………………………………………102
Графикон бр. 26: Ставот на стручните соработници за вклученоста на родителите во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училиштето………………………………………………………………………………………………104
Графикон бр. 27: Ставот на стручните соработници за одржување редовни состаноци на Советот на родители…………………………………………………………105
Графикон бр. 28: Ставот на стручните соработници за учеството на родителите во одредени проекти…………………………………………………………………………………106
Графикон бр. 29: Ставот на стручните соработници за навремено информирање на родителите за сите новини во воспитно-образовниот процес и за одржување отворени денови……………………………………………………………108
Графикон Бр. 30: Ставот на стручните соработници за водење евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби, планирање на начините на соработка со родителите и за постигнувања кај учениците…….110

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

**ВОВЕД**

Трудот претставува акционо истражување спроведено во функција на докажување на значењето, начините и организациската поставеност на училиштето кон соработката со семејството на учениците. Текстот на овој магистерски труд ќе биде поделен во три основни целини, со додаток на вовед, заклучок како и прилог за поддршка на истражувањето. Целините ќе се во склад со проблематиката која во поединечни делови научно и стручно ќе се истражува и објаснува, со цел за што поегзактно сфаќање на процесот на соработката помеѓу училиштето и семејството на учениците. Воведниот дел на магистерскиот труд е во функција на запознавање со актуелноста на темата, потребата од истражување од ваков тип, како и мотивите за определба за изработка на трудот.

Главна тематика на овој труд на која е ставен и главниот акцент е организациската поставеност на училиштето во однос на соработката во семејството. Во теоретскиот дел од трудот ќе биде опфатена самата организациска поставеност на училиштето, начините на кои истото остварува соработка со семејството на учениците, вклученоста на родителите во активностите и телата на училиштето како и самото значење и влијанието на оваа меѓусебна соработка врз успехот и целокупниот развој на ученикот. Правилното воспитание и образование подразбира заедничко учество на семејството на учениците и воспитно-образовната институција, односно училиштето како комплементарни субјекти во животот на секое дете. Овој дел ќе биде најобемен бидејќи ги опфаќа сите релевантни факти кои претходно ги потврдила научноистражувачката јавност на светско ниво.

Во втората целина на трудот насловена како *Методологија на истражувањето* ќе бидат наведени и образложени предметот, целите, техниките на истражување и мерните инструменти, популацијата и примерокот на истражувањето како и организацијата и текот на истражувањето. Понатаму во втората целина ќе биде разработена хипотетска рамка, односно главната хипотеза и помошните хипотези.

Третата целина на трудот насловена како *Анализа и интерпретација на податоците* е всушност емпирскиот дел од овој труд, каде ќе бидат претставени

добиените резултати од спроведеното истражување и истите ќе бидат статистички обработени и анализирани. За визуелизација на истите ќе имаат и поддршка од хистограмско прикажување на податоците. Во заклучниот дел на магистерскиот труд ќе бидат истакнати сознанијата до кои ќе се дојде со спроведеното истражување и тоа како генерално согледување. На крајот на магистерскиот труд, како што прилега ќе биде презентиран попис на странска и домашна литература користена при создавање на магистерскиот труд. Во прилог на трудот во целост ќе биде сместен истражувачкиот инструмент кој ќе биде користен во текот на истражувањето, како и табеларен и графички приказ на добиени конечни резултати во секој дел на истражувачката постапка.



# I ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

***„Ако педагогијата сака да воспитува личност во сите погледи, тогаш таа мора прво и да го познава во сите погледи.“***

**К. Д. Ушински**

Образованието е процес на промена на личноста во посакуваната насока со усвојување различни содржини во зависност од возраста и потребите и покрај образовните содржини вклучува и воспитни содржини. Образованието е процес со кој општеството ги пренесува акумулираните знаења, вештини и вредности од генерација на генерација. Образованието може да се подели според возраста на учениците: предучилишно, училишно и образование на возрасните, според местото каде се остварува: семејно, училишно, вонучилишно, според степенот: основно, средно, вишо, според карактерот на содржините: природно-научно, опшествено, техничко, уметничко, педагошко и според намената: општо и стручно[1]. Формално или институционално е образование кое се остварува во училиштата како најзначајни воспитно-образовни институции, тргнувајќи од основно училиште, средно училиште и високобразованите институции.

За разлика од формалното образование, неформалното образование, се изведува надвор од училиштата спонтано и може да се формулира како индиректно воспитно влијание на неедукативните институции, надвор од формалниот систем на образование[2].

Воспитно-образовниот систем е сложен систем пред сè поради неговата структура која ја сочинуваат повеќе потсистеми: установите за предучилишно воспитание, училиштата, школите, академиите, факултетите и други форми на основно, средно и високо образование, како и постдипломските и докторските студии, институциите за специјално образование и воспитание, институциите за унапредување и научно проучување на воспитно-образовната дејност, институциите за образование на возрасните. Основното училиште претставува

[1] Баракоска, А. (2007). *„Педагогија- учебно помагало“*. Скопје: Филозофски факултет, стр.197.
[2] Петровски, В. (2006). *„Социологија“*. Штип: Педагошки факултет, стр.180.

институција каде што според однапред утврден план и програма се здобива со знаење. Покрај пренесувањето на знаење на младата генерација, училиштето има воспитна и социјална функција. Самиот поим укажува на главната активност на учениците во училишните установи, а тоа е учењето, односно меморирање однапред изготвени податоци, без осврт на точноста, применливоста или ажурноста на податоците или пак за методите по кои сервираните податоци се изведени.

Училиштето е воспитно-образовна институција наменета за настава на ученици под надзор или раководство на професионално подготвен кадар односно наставници. Специфичен организациски систем кој произлегува од сознанието дека воспоставувањето во функционална училишна организација со соодветно организационо дизајнирана структура, има пред сѐ за цел и задача да продуцира такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците. Во современа дидактичка смисла училиштето се дефинира како заедница на сите нејзини субјекти и тоа ученици, наставници, родители и стручни соработници. Основното училиште е воспитно-образовна институција во која децата добиваат основно образование од шест до четиринаесет години, кои доаѓаат по претшколската установа и пред средното училиште.

Основното образование се развива врз основа на најдобар интерес и целосен развој на ученикот, еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност, општообразовен карактер на основното образование, обезбедување квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата.

Како значајно начело за реализација на основното образование во основното училиште е и подготвување на ученикот за доживотно учење, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност, грижа за физичка безбедност и здравје, автономност, компетентност и одговорност како и партнерство помеѓу училиштето и родителите. Основното образование кое се остварува во основното училиште има поставено цели кои треба да ги реализира и кон кои се стреми. Како цели на основното образование кое се реализира во основното училиште се: обезбедување целосен опфат во воспитно-образовниот процес и одговарање на разновидните потреби на сите ученици преку обезбедување суштинско учество на сите ученици во него, обезбедување

системски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети, развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, воспитување за почитување на различностите, основните човекови слободи и права[3].

Во рамките на основното училиште посебно внимание се посветува и на развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, развивање способности и вештини за истражување, експериментирање и решавање проблеми. Во текот на своето основно образование ученците се оспособуваат и за стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование, поддршка на талентирани и надарени ученици во различни области и унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Училиштето како воспитно-образовна институција своите поставени цели, својата мисија и визија како и целосното реализирање на годишната програма за работа го постигнува со помош на високостручен и соодветно образован наставен кадар. Покрај наставниот кадар во училиштето постои и стручна служба составена од соодветни стручни лица како и раководен орган на училиштето, односно директор. Целокупната воспитно образовна работа во училиштето се реализира со правилно и навремено работење на сите профили кои работат во истото, но и нивната постојана соработка и двонасочна комуникација со учениците.

Важно е да се истакне дека училиштето не е институција од затворен тип, односно успехот, напредокот и постигнувањата на учениците не може да се реализираат на високо ниво доколку не се остварува континуирана соработка со локалната заедница, тргнувајќи од соработката со основачот на училиштето, високообразовните институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот просветен инспекторат, па сè до библиотеки, музеи, театри, кино и слично.

---

[3] Vidovic, V. Vlahovic Shtetic,V. Rijavec, M. & Miljkovic D. (2003). „*Psihologija obrazovanja*„. Zagreb: Iep –vern, str.51-59.

Покрај соработката со сите сегменти на локалната заедница, училиштето остварува и потребно е да остварува соработка и со родителите на учениците. Имено целкупната организациска поставеност на училиштето треба да биде во континуирана соработка со родителите. Поточно оваа соработка се однесува на соработка на наставниот кадар со родителите, соработка на стручните соработници со родителите, соработка на директорот со родителите.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Организациската структура претставува систем на голем број испреплетени односи помеѓу извршителите на активностите без разлика дали тие се формално пропишани или неформално развиени, прикажува како поединците и групите се организирани во однос на задачите што ги извршуваат. Организациската структура е динамична компонента на институцијата, која се менува под влијание на многубројни внатрешни и надворешни фактори и е логички поврзана целина составена од повеќе организациски единици специјализирани за извршување одредени задачи. Тоа е спонтана категорија, настаната поради потребите на институцијата, да се соочи со комплексноста на настанатите проблеми, како и со комплексноста на самото нејзино постоење[4]. Ваквиот систем во голема мера ја олеснува заедничката работа и води кон приближување на остварувањето на училишните цели.

При дизајнирањето на организациската структура постојат неколку основни елементи и постапки што треба да бидат исполнети за да се оствари посакуваниот успех, како што се: поделбата на вкупниот процес на работа помеѓу поединците и групите, формирање одделни сектори во форма на работни групи и определување на нивните задачи, формирање организациска хиерархија со која се определува авторитетот и одговорностите во рамките на училиштето како и координација на активностите на работни групи и нивна интеграција во една кохерентна средина. Структурата само по себе упатува на тоа колку таа е важна за секоја организација, се поистоветува со поимот организација, што е потполно погрешно.

[4] Radosavljević, Ž. „*Teorija organizacije*“. (2005). Beograd: Agencija za konsalting i marketing „Edkom”, str. 12.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Важно е да се напомене дека организацијата е поширок поим, а организациската структура е една од најважните елементи на организацијата[5]. Од начинот на разбирање на организациската структура, се дефинираат основните елементи на институцијата, тие се работни места, работни задачи, поединци, социјални групи, односи меѓу поединци, функционални или економски единици, правни делови и членови на деловна мрежа. Организациската структура подразбира сет на вертикални или хоризонтални позиции и односи, а активностите се распоредуваат и се координираат според повисоки формални механизми. Како ќе се распредели некоја задача, упатува на интеракција на модели кои треба да се следат, определува кој кого ќе го известува во организацијата и кои се формални организациски механизми.

### 2.1. Училишна структура

Во основното училиште на врвот на пирамидата се наоѓа училишниот одбор како управен орган и директорот како раководен орган кој во основното училиште, го предлага училишниот одбор а го назначува и го разрешува основачот на училиштето, односно градоначалникот на општината. Наставничкиот совет го сочинуваат стручни соработници и наставници, кои се јавуваат во улога на предметни наставници и одделенски наставници. Друго тело во основните училишта е одделенски совет за одделенска настава и одделенски совет за предметна настава.

За многу прашања кои се од значење и интерес за училиштето, наставниците се организираат по стручни активи, според сродноста на наставните предмети. На ниво на актив се решаваат прашања, кои се од значење за целото училиште, како на пример: предлог на литература која треба да се користи по соодветните наставни предмети, организирање на наставнонаучни и стручни екскурзии, предлагање програми за професионално усовршување на наставниците.

[5] Martinovic, M. Tanaskovic, Z. (2014). *„Menadzment ljudskih resursa“*. Uzice: Visoka poslovna-tehnicka skola strukovih studija, str.25.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Како дел од структурата во училиштата, се стручните служби, односно стручните соработници, кои ги сочинуваат педагог, психолог, социолог, социјален работнк, логопед, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Покрај стручната служба, во училиштето постои и администартивно-технички персонал. Во администартивниот персонал спаѓаат секретар, благајник, книговодител и архивар. Составен дел на училишната структура е и техничкиот персонал хигиеничари, хаусмајстори, ложачи, чувари, домари, но овие профили не се наведени поединечно, бидејќи секое училиште, во зависност од големината, бројот на вработени и финансиските услови, си има свои специфичности, различен кадровски потенцијал и различен број на вработени во оваа област. Сите овие елементи и нивните меѓусебни односи и врски, ја сочинуваат организациската структура во основните училишта. Успешното управување со образовните институции вклучува воспоставување и одржување на една прифатлива рамнотежа помеѓу овие различни структурни и културни елементи.

Сите училишта имаат многу слични образовни цели и задачи. Поединечните образовни активности или реализацијата на наставниот план и програма кои се усвоени ќе зависат од интерпретацијата на овие цели и задачи внатре во секоја институција. Активностите го опфаќаат и вклучуваат официјалниот наставен план и наставна програма, курикулум што училиштата го имаат прифатено и треба да го спроведат заедно со другите широки подрачја на активности кои интегрирано го определуваат целиот курикулум на училиштето[6]. Од интерпретацијата на овој цел курикулум ќе зависи и неговата рефлексија врз заедничките вредности, верувања и приоритети, а кои всушност се краткорочни цели и задачи или долгорочни цели на основното училиште.

Избраните активности ќе рефлектираат едно приспособување помеѓу вредностите и верувањата, односно културата на луѓето во институцијата и крајните цели на оние во пошироката околина. Сложеноста на образовните организации бара соодветни менаџерски структури за да се подобри и поддржи ефективниот и ефикасен развој во спроведувањето на целиот курикулум. Што се однесува до културната перспектива, овие структури и процеси се сами за себе

[6] Петковски, К. и Алексова, М. (2004). *„Водење на динамично Училиште"*. Биро за развој на образованието стр.17-18.

културни достигања со цел да се поддржи и одржи саканата училишна структура.

⌦ **Димензии:**

- *структура;*
- *култура;*
- *активности.*

Овие три димензии се меѓусебно зависни, бидејќи секоја промена  кај која било од нив влијае на другите две. Училиштата со добра организација на работата, се карактеризираат со добро дизајнирана организациска структура, добар амбиент или клима за работа и со соодветна училишна култура. Исто така, оваа организација на работата е проследена и со добра организација на работата на директорот на училиштето. Постои добро распределен персонал, постои добро изготвен распоред на времето, постои добро осмислен распоред на просториите во кои се реализира наставата и максимално користење на сите расположливи ресурси.

⌦ **Училиштето го карактеризираат три компоненти[7]:**

- *надворешната структура на училиштето:  институционалната рамка на училиштет, верувањата, вредностите и очекувањата на општествената заедница, вредностите и очекувањата на директорот на училиштето;*
- *однесувањето на директорот на училиштето;*
- *внатрешната структура на училиштето: организацијата и реализацијата на наставата,  училишната клима и  културата на училиштето.*

[7] Петковски, К. и Алексова, М. (2004). *„Водење на динамично Училиште"*. Биро за развој на образованието стр.17-18.

## 2.2. Училишна култура

Училишна култура претставува систем на заеднички вредности, норми, верувања, односно начин на размислување и однесување, којшто е заеднички за вработените во една институција.

⌦ **Под поимот училишна култура се подразбира[8]:**

- *доминантните вредности коишто ги усвоиле вработените во институцијата;*
- *начинот на работење и реализирање на менаџерските функции;*
- *филозофијата на односите меѓу менаџментот и наставниците со учениците;*
- *начинот на решавање на конфликтите;*
- *елементите на стилот на поучување во одделните образовни институции;*
- *начинот на комуницирање во организацијата.*

⌦ **Организациската култура во училиштето се манифестира[9]:**

- *визуелно;*
- *вербално.*

Под визуелното манифестирање на училишната култура се подразбира однесувањето на учениците, наставниците и менаџментот на училиштето. Вербалното манифестирање пак се однесува на жаргонот, стручната терминологија, коишто се користат во организацијата, начинот на однесување на менаџментот кон наставниците, учениците и нивните родители. Отсуството на функционална организациска култура води кон намалено почитување на вработените во училиштето, појава на конфликти, непочитување на училишниот ред од страна на учениците, оштетување на опремата и училишната зграда, отсуство на грижа и одговорност кај наставниците и слаб успех на учениците. Најодговорен за воспоставување и одржување на училишната култура е директорот на училиштето. Суштината на училишната култура е во

[8] Ferjaru, M. (1996). *„Skrivnosti vođenja shole“,* Ravljeca: Didaktika, str. 13.
[9] Epstein, J. & Associates. (2008). *„School, community, and community partnerships: Your handbook for action“*. Calif: Corwin Press, p.39-46.

односите меѓу директорот и вработените од една страна, како и учениците и нивните родители, од друга страна. Еден од можните критериуми за вреднување на работата на наставникот од страна на директорот треба да биде имплементацијата на училишната култура и преземени акции за нејзино подобрување од страна на наставникот. Составен дел на училишната култура е и стилот на поучување, односно начинот на реализирање на наставата. Училиштето претставува комплексен и сложен организациски систем. Тоа произлегува од секојдневните односи на релацијата наставник-ученик, наставник-наставник и ученик-ученик. Тоа практично значи судир на две култури, култура од возрасните образувачи и воспитувачи и култура на младите, оние што се образуваат и воспитуваат. Таа средина и тоа окружување се карактеризираат со одредени традиции, обичаи, норми, навики, постигнати резултати, начини на однесување и комуницирање, религија и тоа заедно со сета своја комплексност и сложеност, динамичност и отвореност го викаме култура на училиштето.

⌦ **На културата на училиштето влијаат[10]:**

- *некои видливи прописи во однесувањето;*
- *доминантните вредности што се воспоставени во училиштето;*
- *филозофијата на училиштето;*
- *воспоставените правила на игра;*
- *чувството за клима;*
- *изградениот пристап во работата на наставниците во училиштето;*
- *утврдениот распоред на времето;*
- *воспоставената атмосфера на ред и дисциплина;*
- *начинот на комуницирање на персоналот;*
- *изградениот консензус кај персоналот за целите и задачите од дефинираната мисија на училиштето;*
- *воспоставената визија за развој на училиштето;*
- *изградените ставови на персоналот;*

[10] Stevanovic, M. (2001). *Kvalitetna škola i stvaralaštvo*. Varaždinske Toplice: Tonimir,str.63.

- *високите очекувања од секој поединец и на секое место во училиштето.*

Културата на училиштето е она по што се препознава секое училиште и она што му дава белег на секој негов наставник и ученик како поединец. Културата на училиштето се создава и таа со текот на времето еволуира и се збогатува, односно културата на училиштето во исто време е и појдовна основа, но и цел во воспоставувањето на мисијата и визијата на едно училиште. Процесот на следење и вреднување на работата на наставниците во училиштето, е можно да се остварува континуирано и во целост, без застои и потешкотии, во зависност од климата внатре во училиштето.

Организациската клима е чувството за организацијата, односно индивидуалните и споделените перцепции и ставови на членовите на организацијата[11]. Од посебна важност за создавање добра клима е нагласеното верување дека секое дете може да биде добар ученик и развивањето на таква организациска структура која ќе овозможува добри услови за работа како на учениците, така и на вработените. За јакнењето на климата од голема важност е колегијалноста, градењето на заемна почит и доверба, соработката, чесноста отвореноста, комуникативноста, смислата за хумор, флексибилноста, самокритичноста, културата на однесување, самоконтролата во комуникацијата, добронамерната и ненавредлива критика, како и одговорноста.

⌦ **Училиштата со здрава клима се карактеризираат со[12]:**

- *воспоставена уредна и пријатна средина за работа;*
- *воспоставен систем на вредности и систем на наградувања;*
- *воспоставена атмосфера на ред и дисциплина;*
- *воспоставена добра соработка со родителите;*
- *воспоставен систем за развивање позитивни ставови кај персоналот;*
- *воспоставен систем за донесување и спроведување одлуки;*
- *вопоставен систем на отворени и чесни комуникации.*

---

[11] Петковски, К. и Алексова, М. (2004). *„Водење на динамично училиште“*. Организација, приоритети, предизвици и достигнувања, БРО и МОН, стр. 45.
[12] Ubben, G. Haghes, L. (1991). *„The Principal, Creative Leadership for Effective Schools“*. USA: Allyn and Bacon, str. 24.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Социјалната организација на училиштето директно влијае на чувството за припадност на наставниците и достигнувањата на учениците. Розенхолц прави разлика меѓу два дијаметрални типа на училишта: подвижно или динамично училиште и заглавено училиште. Во подвижните училишта, учениците даваат многу повисоки резултати, отколку учениците во т.н. заглавени училишта, тоа е е подобро место и за работа на наставниците.

⌦ **Розенхолц прави поделба на училиштата и разликува четири типа на училишта[13]:**

- *училишта што лутаат;*
- *подвижни училишта;*
- *парадни училишта;*
- *заглавени училишта.*

⌦ **Истражувајќи ја училишната култура и анализрајќи ги состојбите во училиштата, Стол и Финк, даваат еден предлог со пет типа на училишта[14]:**

- *подвижни училишта;*
- *училишта што крстарат;*
- *училишта што се тркалаат;*
- *училишта што се борат;*
- *училишта што тонат.*

Организациската култура е долгорочен, комплексен феномен, во неа се содржани клучните вредности коишто ја создаваат или креираат традицијата или начинот на којшто се извршуваат работите. Развивањето на позитивна клима во училиштето бара воспоставување добра организациска структура која ја карактеризираат определен број на фактори меѓу кои поизразени и актуелни се перманентната контрола и евалуација на учениците во нивните училишта и поголемото учество на родителите во работата и животот на училиштето.

---

[13] Weiss, B. Kreider, H. Lopez, M. & Chatman, M. (2005). *Preparing educators to involve families-from theory to practice*. London: Sage publications, p.34.
[14] Weiss, B. Kreider, H. Lopez, M. & Chatman, M. (2005). *Preparing educators to involve families-from theory to practice*. London: Sage publications, p.13-14.

## 3. СЕМЕЈСТВОТО - ПРВИЧЕН ОБРАЗОВЕН ФАКТОР

*„Децата треба да добијат две работи од своите родители: корени и крилја.“*
***Јохан Волфганг фон Гете***

Семејството е мала група во која постои природно поврзување помеѓу членовите, примарна група како посредник помеѓу индивидуата и општеството. Семејството е група, тоа е динамична категорија, подложна на менување под влијанија кои доаѓаат однатре и однадвор. Семејството е во најдиректна зависност од условите за живот во него, односите помеѓу неговите членови и правата кои ги имаат различните членови во заедницата. Секое семејство е подложно на внатрешни промени кои се одредени од внатрешните врски помеѓу односите на секој член во семејството со другите членови во него во дадено време и простор. Во различни периоди од животот на поединечните членови во семејството се менува и структурата на семејството.

Семејството заснова систем на сроднички односи, поделба на улогите, развива и обезбедува социјални и индивидуални особини на личноста и може да обезбедува и определена економска дејност. Во семејството постои пообемна и посложена интеракција од онаа која постои во другите групи, поради тоа што постојат блиски и поразновидни односи помеѓу членовите. Развиената интеракција и развиените односи помеѓу членовите имаат значење за сите членови во семејството, но посебно значење имаат за формирањето на личноста на децата. Определувањето на врските помеѓу членовите во семејството има посебни квалитети како што се интензивна емоционална поврзаност помеѓу сите членови.

Интерперсоналните врски се поинтензивни и подлабоки од оние во другите видови групи и тие се поинтензивни од социометриските врски помеѓу членовите во другите групи[15]. Семејната група е доста трајна и покрај тоа што односите помеѓу членовите се менуваат поради биолошките и психолошките промени кај одделните членови и поради промените во општествените сфаќања за улогата на поединечните членови во семејството. Семејствата денес добиваат

[15] Henderson, A., Johnson, V. Mapp, K. & Davies, D. ( 2007). *„Beyond the bake sale: The essential guide to family– school partnerships“*. New York: The New Press, p. 65-71.

и нови карактеристики во согласност со современото општество и начинот на неговото функционирање, односно структурата и функцијата на семејството е во непосредна зависност од економските, културните, и другите услови во општеството. Релативната затвореност и одделеност на семејниот живот од јавниот општествен живот е нужна одлика на семејната заедница, затоа што тоа им обезбедува потребен степен на сигурност на луѓето.

Меѓутоа, таквата затвореност на членовите, во некои семејства, може да добие димензија на целосна оддалеченост од општествените збиднувања, која може да се развие во драстична противречност помеѓу семејниот и општествениот живот, како и противречност помеѓу семејните и општествените вредности, ставовите и уверувањата кои се негуваат во општествената заедница и оние кои се негуваат во затворената семејна заедница. Пред сѐ семејството претставува првичен образовен и социјален фактор за детето, и потребно е да се изгради мост помеѓу нив и да се остварува двонасочна комуникација. За да се овозможи успешно учење и развој на децата мора да бидат земени предвид различните услови во семејството од која тие доаѓаат. Успешната соработка на училиштето со семејствата се остварува доколку наставниот кадар е свесен за многуте начини на кои семејството може да придонесе децата да учат подобро, да се подобри атмосферата во училницата и во училиштето.

### 3.1. Семејство како општествена категорија

Семејството како општествена категорија секогаш е поврзано со општествениот развиток и во таа смисла може да се зборува за промени во организацијата на семејниот живот, во односите кои во него се создаваат, во позицијата која ја имаат одделните членови во семејството, во бројот на членовите во семејството, и слично. Одвоеноста на семејниот живот од општествениот има негативна одлика по однос на воспитанието на децата, имено децата се принудени да живеат во два различни света во светот на своето семејство и во реалниот надворешен свет. Друга значајна карактеристика на семејниот живот и семејното воспитание е тенденцијата кон конзервативизам во семејниот живот, која се изразува во настојувањата да се зачуваат традиционалните вредности во семејството и животот и односите во него, да се уредуваат по примерот на семејството. Таквата тенденција ја прави семејната

средина помалку подложна на промени условени од промените во општеството. И оваа тенденција може да се разгледува како сериозна тешкотија во воспитанието на младите ако се наоѓаат растргнати помеѓу настојувањата да го прифатат новото во општеството, а да го зачуваат старото во семејството. Во оваа смисла, јасно можат да се диференцираат карактеристиките на развојните фази на семејството, кои историјата на општеството ги означува како посебни развојни циклуси. Во патријархалните семејства, не е ретка и големата разлика во годините помеѓу сопружниците.

Ваквата карактеристика го прави патријархалното семејството помалку кохезивно. Основа на овој модел на семејство е доминантната улога на таткото односно, на т.н. глава на семејството, кој има позиција на раководител на семејната заедница и ја има улогата на правен застапник на семејството и на неговите членови надвор од него. Одлучувачката улога на таткото за судбината на членовите во семејството оди дотаму што тој одлучува и за прашања од личен карактер. Недемократските односи во семејството бараат слепа послушност од децата и безусловно признавање на непогрешливоста на родителскиот авторитет, што има свое влијание и врз семејното воспитание. Големо семејство организирано врз економско-производните принципи во процесот на работата ги вклучува и децата и во зависност од возраста и полот, секој член на заедницата добива работни задолженија, кои означуваат позитивни услови по однос на воспитанието на младите. Од друга страна, карактерот на семејните односи и стилот на раководењето во него претпоставуваат задржување на авторитетот на родителите и постарите и слепа покорност на децата, а тоа се прави со применување на репресивни воспитни мерки.

Таквиот стил и методи на семејно воспитание, несомнено, предизвикуваат негативни последици по однос на психичкиот развиток на децата. Како негативни последици во развојот на детето се именуваат следните: недовербата кон другите луѓе, но и кон самите себеси, стравот, отпорот, тврдоглавоста, агресивноста и чувство на вина[16]. Воспитанието во услови на непочитување на личноста на детето условува тоа подоцна да не ги почитува другите луѓе, особено

---

[16] Котева-Мојсовска, Т. (2006). „*Семејното воспитание и социјалното однесување на децата*". Скопје: Академски печат, стр. 19-26.

да не прифаќа авторитети. Одлика на современото семејство е малиот број на членови во него, денес е најчест моделот во кој живеат родителите и децата. Современото семејство, покажува тенденција кон значајни промени и по однос на стилот на раководењето во него.

Демократскиот однос на родителите спрема децата треба да се сфати како однос во кој родителите го прифаќаат детето како личност во развиток, личност која има свои права, но и свои обврски во семејството. Намалувањето на бројот на членовите во семејството, исто така, може да се разгледува од позитивен и од негативен аспект по однос на воспитанието на децата. Кохезивноста помеѓу членовите во современото семејство е резултат на поцврстите врски кои се создаваат помеѓу родителите и децата и самите деца во семејството. Денес се укажува на изолираност на семејствата во современи услови на живот, што се јавува како тешкотија во нивното вклучување во општествениот живот. Ваквата изолираност на семејствата станува негативна одлика на современото семејство, особено во оние случаи кога постои расчекор помеѓу општествените вредности и вредностите кои се негуваат во семејството.

## 3.2. Значењето на семејството за развојот и воспитанието на децата

Семејството е еден од значајните фактори од кои зависи развојот и воспитанието на децата, но тоа не е единствен и незаменлив фактор за развојот на човекот. Семејството е мост помеѓу индивидуата и општеството, семејството ја носи одговорноста и за индивидуалниот и за општествениот развој на личноста. Значењето на семејството се објаснува со неговата улога во развојот и воспитанието на децата, особено во првите години од животот, кога започнува процесот на детската социјализација и се формира детското искуство. Во однос на значењето на семејството за развојот и воспитанието на децата може да се каже дека семејната средина е најприродна средина во која детето го започнува својот живот и развиток. Опстанокот и понатамошен развиток на детето се зависни од семејната средина каде што детето ги остварува првите контакти со мајката, а потоа и со другите членови. Во оваа прва средина детето ги стекнува првите искуства кои се однесуваат на неговиот физички и емоционален развиток. Основна потреба на малото дете е потребата за сигурност, која ја задоволува во кругот на семејството во непосредниот однос со членовите од

семејството и чувството на сигурност психолозите го одредуваат како основен предуслов за правилен развиток на младата единка.

Таквата сигурност е одредена од љубовта која мајката, родителите и другите членови во семејството постојано и несебично му ја даваат на малото дете. Семејството ја зголемува сигурноста кај детето и преку чувството за припадност, кое ја зголемува сигурноста кај младите членови на семејството, но истовремено го формира и чувството на должност кое секој член од семејството го има кон другите членови во него. Таквите чувства ги создаваат основните претпоставки младата личност слободно да ги манифестира своите стекнати способности. Значењето на семејството за развојот на децата и младите, е големо и во педагогијата постојат две поистакнати гледишта кои се однесуваат токму на оваа тематика. Имено според Фројд семејството е единствен, најзначаен и незаменлив фактор во развитокот на личноста на човекот и е целосно формирана во првите 5-6 години од животот.

И ако овие години детето главно ги поминува во семејството, семејството претставува единствениот и најзначајниот фактор за развиток на личноста на човекот. Во настојувањето за поопштествување на воспитанието и образованието се оди и во крајноста целосно да се негира значењето на семејството за развитокот на личноста на детето. Во практичните настојувања во овие периоди се отиде дотаму што децата се одземале од семејствата за кои се сметало дека се неповолна средина за правилен развиток на децата и тие се сместувале во т.н. детски домови каде што грижата за нивниот развиток и нивното воспитание во целост ја преземала државата.

Физичкиот и психичкиот развиток на децата кои растеле и се развивале во детски домови и децата кои растеле и се развивале во просечни семејства, забележителни заостанувања, како на физички така и на психички план, но и зголемена смртност на децата одвоени од своите семејства. Кај децата одвоени од своите најблиски отсуствувала желба за живот, што се манифестирало, меѓу другото, и во нивната зголемена смртност. Современата семејна педагогија не го ограничува значењето на семејството на првите години од животот на детето, поради фактот што детето, младиот човек и возрасниот, главно, својот живот го

поминуваат во семејство[17]. Значењето на семејството за развојот и воспитанието на децата особено се истакнува поради фактот што во кругот на семејството започнува процесот на социјализација на младите, се стекнуваат првите искуства за животот и луѓето, се формира свест за сопствената вредност, поточно се формира сликата за себеси. Истражувањата покажуваат дека мислењата, ставовите и вредностите кои ги поседуваат родителите, стануваат мислења, ставови и вредности на децата во семејството. Семејството е група во која човекот влегува во текот на целиот свој живот и влијае на него во текот на целиот живот, односите кои се создаваат во семејството стануваат основа за формирањето на општествените односи во целост.

## 4. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО СЕМЕЈСТВОТО

Родителите се првите модели на однесување со кои децата се идентификуваат при решавањето на секојдневните проблеми, соработката, поделбата на одговорностите. Родителите ги учат своите деца да станат дел од заедницата и поширокото општество, што значи и родителите и наставниците имаат исти цели за децата. Соработката е една од облиците на организација на работата каде што многу луѓе работат заедно во меѓусебно поврзани работни процеси. Во соработката, луѓето ги доживуваат своите цели како позитивно поврзани со целите на другите, во смисла дека движењето кон сопствената цел се сфаќа како дел од движењето на другите кон нивните цели.

Во кооперативната ориентација кон цели, луѓето си помагаат меѓусебно да ги постигнат своите, како и заедничките цели поточно тоа е семејството и училиштето. Семејството и неговата дејност е неопходен услов за развојот на децата. Имајќи ги предвид современите услови за живеење кои се карактеризираат со брз развој и напредок на науката, технологијата, забрзаното темпо на живот и работа, улогата на семејството во воспитувањето на децата добива уште поголема важност. Успешната соработка на семејството и училиштето позитивно влијае за правилен воспитно-образовен процес на децата и формирање на нивната личност. Она што е многу важно е согласноста на

[17] Pejić, R. (2010). „*Unapređivanje saradnje nastavnika i roditelja*". Sarajevo: Filozofski fakultet. Str.36-44.

родителите и наставниците, тие мора да дојдат до заеднички решенија и ставови, бидејќи детето може да се најде во дилема доколку ставовите на родителите и наставниците се разликуваат. Соработката помеѓу семејството и училиштето се заснова на почитување и ценење на личноста на родителите, односно на наставниците. Соработката помеѓу родителите и наставниците треба да биде заемно корисна, со цел да се постигнат најдобри резултати за детето. Основата на соработката е меѓусебното информирање.

Родителите имаат најмногу информации за детето во однос на тоа што му се допаѓа, а што не, како реагира во одредени ситуации, каква е неговата здравствена состојба, темперамент и слично. Наставникот има информации за тоа како истото дете се однесува во одделението, како напредува во учењето, како ги исполнува своите обврски, што му претставува потешкотии и слично. Секоја информација што ја разменуваат родителот и наставникот се користи за разбирање на причинско-последичните односи и за планирање. Соработката на родителите со училиштето започнува кога детето тргнува на училиште и трае до крајот на школувањето. Во интерес на детето е родителот да ги прифати ставовите на училиштето и да не го изразува своето незадоволство и несогласување пред детето[18].

Соработката на семејството со училиштето е најинтензивна кога детето е во одделенска настава и колку детето е постаро, соработката меѓу семејството и училиштето полека слабее и токму на таа возраст е најпотребна соработката. За разлика од заедничките родителски состаноци, индивидуалните контакти меѓу наставниците и родителите го олеснуваат решавањето на образовните проблеми. Суштината на соработката помеѓу семејството и училиштето се сведува на тоа дека родителите треба што повеќе да се вклучат во воспитно-образовниот процес на училиштето.

Ставот на родителите кои мислат дека ако нивното дете добива добри оценки на училиште, нема ни потреба да доаѓа на задолжителните родителски состаноци е погрешна, потребно е да се изгради партнерски однос со училишната заедница и подеднакво преземање обврски и одговорности во воспитувањето, образованието и школувањето на децата. Партнерскиот однос

[18] Stefanovic, M. (2000). „*Obiteljska pedagogija*“. Varazinske Toplice:Tonimir, str. 77-82.

подразбира еднакви одговорности и обврски кон ученикот и на родителите и на наставниците.

Процесот на остварување соработка помеѓу семејството и целокупната организациска поставеност на училиштето произлегува од заедничката цел, т.е. развојот на младата личност по пат на создавање оптимални услови за развој на детето како еден заеднички проект чија цел е создавање услови за поттикнување позитивно насочен развој на ученикот и негово напредување. Остварувањето на соработката како повеќедимензионален процес бара знаења, бара искуство и од двете засегнати страни кои треба да ги задоволат заедничките интереси.

⌦ **Значење на соработката помеѓу семејството и училиштето[19]:**

- *одговорност и право на родителот да учествува во донесување на одлуките кои се однесуваат на развојот и учењето за неговото дете;*
- *обезбедување континуитет помеѓу семејното и институционалното воспитување;*
- *сличностите во остварување на професионалната улога на наставникот и улогата на родителот;*
- *заедничката задача која ја имаат двете засегнати страни, а се однесува на негата, воспитувањето и образованието на ученикот;*
- *усогласување на воспитните влијанија и заедничкото решавање на проблемите во развојот и учењето на учениците;*
- *заинтересираноста за развојот и учењето за сопственото дете;*
- *познавањето на интересите и мотивацијата на учениците;*
- *континуирано следење во развојот и работата на ученикот;*
- *откривање на евентуалните тешкотии, пропусти и поттикнување на соодветниот тек на развој на ученикот;*
- *позитивното влијае на мотивацијата за постигнување повисоки резултати, успеси на ученикот, неговото севкупно однесување во училиштето;*
- *усовршување на родителските вештини;*

[19] Trifunović, V. (2006). „*Porodica i škola*". Jagodina: Učiteljski fakultet, str. 47-59.

- *лична сатисфакција и изразување на сопствените способности и таленти;*
- *јакнење на професионалната компетентност, познавање на ученикот води кон подобро планирање и организирање на работата.*

При воспоставувањето на соработката со семејството на учениците и целокупната организациска поставеност на училиштето потребно е да се тргне од неколку значајни основи. Пред сè тоа се однесува на воспоставување и негување партнерски, рамноправен однос, почитување на личноста на едните или другите, заемна доверба и почит, воспоставување професионален однос, ненавлегување во приватноста на едната или другата засегната страна. Понатаму исто така е значајно да се има предвид заедничката цел, користењето на искуства од родителите, внимателност во меѓусебната комуникација која понекогаш бара и трпеливост, упорност и истрајност и од двете засегнати страни, почитување на личноста на сите вработени во училиштето и личноста на родителот. Голем број на достапни трудови во кои се спроведени истражувања на оваа тематика говорат за големата важност на континуираната соработка на семејствата на учениците и училиштето врз целокупниот воспитно-образовен процес како и врз целокупниот развој на учениците. Така едно од тие истражувања покажуваат дека соработката со семејството на учениците и училиштето има позитивни ефекти врз успехот на учениците во прбиот циклус на образование како и самата социјализација на учениците е на повисоко ниво доколку има правилна и континуирана соработка со семејствата на учениците[20].

Имено за вклученоста и улогата на родителите во поглед на учењето на учениците во првиот образовен циклус на основното училиште им нуди повеќе препораки на креаторите на образовните политики поврзани со социјализацијата, по евалуацијата на ефектите од различните модели на инклузија. Препораките вклучуваат помагање на родителите подобро да ги пренесат своите знаења и ефективност со своите деца, зајакнување на односите

[20] Šimić Š, Klarin, M, Proroković, A. (2011). *Sociekonomske prilike obitelji i kvaliteta obiteljske interakcije kao prediktori školskog uspjeha srednjoškolaca u Hrvatskoj, Bosni i Hercegovini i Makedoniji.* Zadar: Odjel za izobrazbu učitelja i odgojitelja predškolske djece, Sveučilište u Zadru, str. 31-62.

и градење доверба помеѓу родителите и училиштето. Од ова истражување се согледува и е докажано дека родителите се способни и клучни во присуството на училишниот период на децата посебно во периодот на првиот циклус на образование на децата[21].

Ефективната улога во учењето кај децата се согледува преку авторитативното родителство кое се карактеризира со високо прифаќање, надзор и обезбедување психолошка автономија која пак води до подобар успех кај учениците како и поголема нивна вклученост во училишните активности. Она што е докажано во ова истражување се однесува на тоа дека позитивниот ефект од вклученоста на родителите во учењето на учениците има главна улога врз достигнувањата на учениците и е посредуван од позитивниот ефект, додека неинтересот на родителите во учењето го ослабува корисниот ефект на вклученоста на родителите во достигнувањата на адолесцентите, така што вклучувањето на родителите веројатно ќе се промовира сѐ повеќе[22].

Хил, Тејлор, наведува некои од механизмите преку кои вклученоста на родителите во училишниот живот на децата влијае на нивните постигања и истакнува дека начините и количините на вклученост варираат во зависност од културните и економските контексти на заедницата и нивото на развој[23].

Неколку студии пак покажуваат дека децата израснати во авторитетни домови имаат подобри резултати на училиште од нивните врсници[24]. Овие студии сугерираат дека врската помеѓу спроведувањето на ефективното учење од страна на родителите во улога на наставник на своите деца и училишниот успех е каузална и е видлива кај учениците во првиот образовен циклус. Дополнителните истражувања за училишните резултати покрај оценките покажуваат дека развојот на учењето кај децата е важно преку родителството кое е исто така поврзано со зголемување на многу показатели за однесувањето на учениците и нивната училишна ориентација за време на учењето во првиот

---

[21] Škundrić, S. (2017). *Uključenost roditelja u školski život djece*. Rijeka: Filozofski fakultet u Rijeci, str. 4-13.

[22] Epstein, L. (1992). *School and Family Partnerships*. Report No. 6. Baltimore: Center on Families, Communities, Schools, and Children's Learning; Johns Hopkins University

[23] Taylor, L.C., Clayton, J.D., Rowley, S.J. (2004.). *Academic socialization: Understanding parental influences on children's school-related development in the early years in Review of General Psychology*. North Carolina: University of North Carolina at Chapel Hil, str. 163–178.

[24] Steinberg, L., Lamborn, S. D., Sanford M. Dornbusch, S. M., Darling, N. (1992). *„Impact of Parenting Practices on Adolescent Achievement: Authoritative Parenting, School Involvement, and in: Child Development"*. Florida: University of West Florida, str. 1266-1281.

циклус на образование. Исто така нивната ефективна улога создава, поголем ангажман во активностите во училницата, повисоки образовни аспирации, повеќе позитивни чувства за училиштето, повеќе време вложено во домашни задачи, попозитивни самоконцепти и пониски нивоа на неприфатливо однесување во училиште. Соработката како повеќедимензионален процес бара време, трпеливост и заедничка одговорност. Семејството на учениците и училиштето е потребно да ја реализираат заедничката цел, уважување на различните перцепции и различните ставови, толеранција на туѓата поинаква перцепција и ставови, заемна доверба и почит, искрена, јасна, квалитетна конструктивна комуникација, усогласувањето на ставовите и мислењата во заедничкото планирање и одлучување за едукацијата, воспитувањето и напредокот на ученикот.

## 4.1. Форми на соработка на училиштето со семејството

Соработката започнува со индивидуални контакти меѓу родителите и наставниците и продолжува преку родителски средби и секоја форма на соработка е од големо значење и за детето и за наставниците и родителите. Важноста на соработката се рефлектира во размената на информации за детето, односно родителот ќе го запознае наставникот со карактеристиките, навиките и здравствената состојба на своето дете, додека родителите ќе добиваат информации за тоа како нивното дете оди на училиште, дисциплината, напредокот во учењето и на што треба да обрнете посебно внимание и да му се даде на детето дополнителна поддршка. Улогата на семејството е многу важна за развојот, воспитувањето и постигнувањето на успехот на детето во воспитно-образовниот процес. За да може детето да постигне подобар успех, потребна е поддршка од семејството.

Поддршката за детето се постигнува преку различни форми на соработка помеѓу семејството и училиштето. Родителите и наставниците имаат голем број заеднички задачи за чиешто реализирање е потребна добра соработка. Тие се грижат детето да го сака училиштето, со задоволство да пристапува кон училишните обврски, да постигне најдобар можен успех на училиште, да се прилагодува на детскиот колектив без проблеми, да усвојува добри манири, што ќе резултира со добро однесување на училиште, на улица и во семејството.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Заедничките родителски состаноци се посветени на колективните проблеми на одделението, додека специфичните проблеми на еден ученик се решаваат на индивидуални состаноци со можност за вклучување и на други родители доколку е потребно. Суштината на успешната соработка се рефлектира во степенот на вклученост на родителите, односно родителите треба да бидат максимално вклучени во целиот училиштен систем. Првата соработка помеѓу семејството и училиштето се заснова на потребата од задоволување на интересите на родителите во однос на напредокот на учениците под стручно водство на наставниците.

Денес сѐ повеќе се инсистира родителите не само да доаѓаат на училиште за да се информираат за своето дете, туку и да кажат сѐ што имаат за своето дете и за условите под кои тоа се развива во семејството. Неопходно е семејството да биде во чекор со барањата што му ги поставува општеството и во исто време да му обезбеди на детето нормална социо-емоционална стабилност и непречен развој и напредок во секој поглед. Соработката помеѓу семејството и училиштето придонесува за активирање и оспособување на родителите за педагошки активности, им овозможува да видат што работи училиштето, колку и како е можно да се помогне. Училиштето им овозможува на родителите да ги видат неговите резултати, неуспеси и напори, ги информира родителите за реформите што се спроведуваат во училиштето, потоа училиштето им укажува на родителите за неопходноста од решавање на сите воспитно-образовни проблеми согласно целите и задачите на училиштето. Вклучувањето на родителите во работата на училиштето може да биде од непроценливо значење за напредокот на учениците. Формите на соработка се многу разновидни и можат да се реализираат преку различни видови активности.

Вработените во училиштата треба да се стремат кон изнаоѓање нови форми за соработка со родителите. Наставниот кадар со својата инвентивност треба да ги искористат сите потенцијали со кои располагаат родителите и на тој начин ќе се подобрат условите за одвивање на воспитно-образовниот процес што ќе резултира со зголемена желба кај учениците што подолго да престојуваат во училиштето, а пак кај родителите ќе се подгне нивото на задоволство од високиот квалитет на наставата и на вонаставните активности. Формите на соработка помеѓу семејството и училиштето можат да бидат писмени како што се брошури, училиштен весник, кутија со предлози, прашалници, полугодишен

извештај на наставникот за напредокот на детето, ученичко портфолио, веб-страница на училиштето. Во поново време се користат и училишните веб-страници, е-пошта, и училишниот електронски дневник. Понатаму можат да бидат непосредни форми на соработка кои се однесуваат на редовни родителски средби, индивидуални дискусии, работилници за родители, отворени денови, учество на родителите во работата на училишните тимови, проекти и организирање училишни настани.

Соработката меѓу родителите и училиштето најчесто во пракса се остварува преку индивидуални разговори на наставниците и родителите, на родителските состаноци, и низ работата на родителите во Советот на родители на училиштето. Од различните форми на соработка, родителите најчесто ги избираат индивидуалните разговори на наставникот и родителите и одделенските родителски состаноци. Родителските состаноци се погодни бидејќи овозможуваат размена на мислања и искуства на поширок план, како и кога е потребно присуство на стручно лице. Основните училишта во соработката со родителите најчесто ги применуваат следниве форми на соработка: приемен час за родителите, посета на ученичките домови, родителски средби, соработка со родителите на учениците кои се упатуваат до педагошки, социјални и медицински установи; работа на одделенските родителски одбори и Советот на родители во училиштето[25]. Различните форми на соработка можат да се користат во различни временски периоди, во зависност од потребите и развојните фази на детето, достапноста на родителите и наставниците и од личните приоритети.

[25] Камчева-Лакинска Б. и Костова М, (1982). *„Програмите на соработка со родителите-составни дел на воспитно-образовната работа во основното училиште“. Белград:* Зборник института за педагошка истраживања, стр.12-15.

## 4.2. Цел на соработка помеѓу семејството и училиштето

Одговорноста за училишната заедница покрај училиштето потребно е да ја преземат и родителите како група, кои ќе пружат поддршка на училиштето, на родителите да им се даде можност да учествуваат во работата на училиштето кое го посетува нивното дете. Училиштето и семејството имаат различни задачи во поглед на воспитанието на децата, нивното образование и грижата за нивното здравје. Важна цел на оваа соработка е редовна и институционализирана размена на информации и идеи за доброто на детето.

Основна цел на соработката е да овозможи координација, ускладување, поврзување на активностите на родителите и училиштето во процесот на воспитание. Ваквото сфаќање на целта на соработката во повеќето случаи се заснова на постоењето на една единствена цел на воспитание кој е прифатен како таков и во училиштето и во семејството. Училиштето како претставник на институционално воспитание, е доминантна во односот на родителите, односно семејството и воспитанието кое кај нив се остварува. Цел на соработката е да се пружи помош на семејството во реализацијата на неговите воспитни функции и тоа дополнување на воспитанието во семејството и корекција на пропустите од неправилното семејно воспитание. Низ соработката меѓу родителите и училиштето треба да се обезбедат услови за оптимален развој на детето.

Во тој контекст соработката се согледува како процес кој претставува своевидна превенција против јавувањето на негативни појави како последица на пропустите во воспитувањето. Целта на соработка меѓу родителите и училиштето е да се создадат услови за реализација на целите на воспитание. Целта на соработката се одредува и преку определување конкретни подрачја на работа и се разликуваат следниве правци на соработка: меѓусебно информирање, педагошко образование на родителите и ангажирање на родителите во остварувањето на задачите на училиштето. Цел на соработката меѓу родителите и училиштето е да се обезбедат услови за оптимален развој на детето, соработката се согледува и како процес кој претставува еден вид превенција против јавување негативни појави како последица на пропусти во воспитанието.

## 4.3. Значење на соработката на семејството и училиштето

Улогата на училиштето во современото денешно општество значително е променето во споредба со традиционалниот школски систем. Изворите на знаење се поразновидни и наставниците веќе не се единствениот авторитет по прашањето на информациите, ниту училиштето е единствениот центар каде што се стекнува знаење од страна на децата. Очекувањата се различни и зависат од различни фактори: степенот на образование на родителите, економската состојба, животните искуства што ги имаат, социјалните околности во кои живеат како и професионалниот статус. Успешноста на семејната и училишната соработка во значителна мера зависи од квалитетот на комуникацијата меѓу наставниците и родителите. Затоа е неопходна континуирана едукација на наставниците и родителите на полето на успешни комуникациски вештини и тимска работа[26].

Потребна е неопходна висококвалитетна соработка од повеќе причини: семејството и училиштето се најважната средина за развивање оптимални услови за раст и развој на детето додека напредокот ќе се реши ако таа соработка е подобра. Се подразбираат јасно дефинирани улоги и одговорности на семејството и училиштето, соработката подразбира усогласеност со правилата дома и во училиштето, развивање доверба, почитување, не конфронтација. Имено потребни се компетентни лица во комуникацијата со детето, потребно е усогласување на образовните барања дома и на училиште, тоа претставува размена на вредни информации за детето и соработката води кон подобри постигања на учениците. Вистинската соработка подразбира партнерство во планирањето и спроведувањето на одлуките, постоење исти норми на однесување и заемно прифатени цели.

Во животот на детето, семејството и училиштето се двете средини во кои расте детето и подеднакво се одговорни за квалитетот на социјализацијата и развојот на личноста на детето. Од клучно значење е семејството и училиштето да развијат модели на соработка кои ќе се засноваат на меѓусебно почитување и чесност, со намера да се обезбеди соодветна помош и поддршка на секое дете, родител и наставник. Педагошките триаголници се пресудни во воспитувањето

[26] Džemidžić-Kristijansen, S. (2013.). *„Snaga partnerstva“*. Sarajevo: Jordan Studio, str.22-24.

на децата. Првиот и основен педагошки триаголник се наоѓа во семејството, а тоа е мајка, татко и дете. Во тој триаголник се поставени темелите на доброто воспитување, а таквиот механизам се пренесува и се поврзува со друг, исто толку важен педагошки триаголник родител, ученик и наставник. Нивната соработка во создавањето на човекот мора да биде синхронизирана, континуирана и доследна. Родителот треба да го запознае животот на училиштето, а наставникот да го запознае животот на семејството, за меѓу овие две компоненти хармонично да се воспитува и развива детето, односно ученикот. Во основа, не треба да има грешки на ниту едната страна, бидејќи посакуваната цел нема да се постигне, а незаинтересираноста на само еден од субјектите може да направи голема штета на правилниот развој на личноста на детето.

Третиот, подеднакво важен, педагошки триаголник е семејството, училиштето и социјалната заедница. Овој триаголник игра значајна улога во воспитувањето на децата и создавањето на семејни, образовни и општествени вредности. Затоа, во кругот на семејството детето ја учи, ја разбира и ја прифаќа улогата на семејството во воспитувањето на заедништвото, другарството и хуманоста. Овој процес продолжува на училиште, каде овие вредности се прошируваат и зајакнуваат. Од квалитетот на таа соработка ќе зависи квалитетот на вклученоста на детето во пошироката општествена заедница и неговото функционирање во неа, што секако е од општествен интерес. За да се изградат подобри односи во педагошкиот триаголник, потребно е поттикнување и развивање партнерски односи меѓу родителите и училиштето. Висококвалитетната соработка помеѓу училиштето и родителите овозможува континуирано следење на работата и развојот на детето, пронаоѓање на причината за можните потешкотии и навремен и адекватен одговор на нив[27].

Во партнерството, критиката се доживува и како добронамерна, што остава простор за постојана работа на подобрување на компетенциите на сите вклучени, со цел исполнување на одговорноста за правилен развој на детето. Интензивирањето на соработката и ефективната комуникација честопати е придружено со неадекватно оформени ставови на родителите и училиштата. Во остварувањето на целите од голема помош е имплементацијата на програми за

---

[27] Henderson, A., Johnson, V. Mapp, K. & Davies, D. ( 2007). *Beyond the bake sale: The essential guide to family– school partnerships*. New York: The New Press, p. 112.

образование на родители и наставници. Некои од нив се информирање на родителите за нивните права, обврски и одговорности, како и начините на вклучување во работата на училиштата, едукација на родителите и наставниците за комуникациски вештини преку предавања и работилници, организирање работилници и предавања на различни теми од воспитувањето и образованието на децата, заеднички собири и патувања, учество во слободни активности на училиште. Овие и слични активности ќе придонесат за отвореност на училиштата за почитување на ставовите и предлозите на родителите во одредени сегменти од работата на училиштето, за поголемо почитување на наставничката професија од страна на родителите и за рушење на предрасудите за наставниците и родителите. Успешниот образовен систем и работата со децата треба да бидат заедничка работа на училиштето, учениците и родителите. Родителите треба да го поттикнуваат детето да работи, секој ден, да ги проверуваат неговите домашни задачи, да му објаснат колку е важно систематската работа.

## 5. СОРАБОТКАТА НА СЕМЕЈСТВОТО И УЧИЛИШТЕТО КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ПОДОБАР УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

***„Децата и часовниците не смеат непрекинато да се навиваат. Вреди да ги пуштите и да одат.“***

***Ж.П. Сартр***

Позитивните ефекти од добрата соработка семејство-училиште имаат влијание врз учениците, родителите и наставниците. Ученикот ќе развие повисок степен на мотивација за учење и самодоверба, ќе има подобри оценки и подобар успех и учениците ќе практикуваат прифатливи форми на однесување. Родителите добиваат вредни информации за потребите, способностите и интересите на нивното дете, нивниот академски напредок и напредок во однесувањето и многу повеќе.

Наставниците стекнуваат поцелосна слика за детето, се укажува на можност за превентивно решавање на конкретни проблеми, имаат појасна слика за пречките што треба да се надминат, подобар напредок на ученикот. Семејството како основна општествена средина во која се развива личноста на

детето и училиштето како претставник на институционалното воспитување и образование се најважните фактори во развојот на секој поединец и на општеството во целина. Семејството и училиштето претставуваат два помали системи во кои се развива детето на училишна возраст. Во рамките на семејството има многу фактори кои го одредуваат успехот на детето во училиштето, формирањето на работните навики, начинот на воспитување, видот на помошта што детето ја добива во рамките на семејството како и развојот на самодисциплина[28]. Ова е една од причините поради која родителите не можат да бидат маргинализирани при решавањето на училишните проблеми. Семејството и училиштето се две природни средини кои мора да соработуваат меѓу себе колку што е можно за подобро да го развиваат детето и да постигнат подобар успех за да ги реализираат животните цели.

Соработката со родителите во голема мера зависи од личноста на наставникот и начинот на комуникација со родителите. Воспитувањето и процесите на развој на младиот човек во современиот живот стануваат многу сложени. Покрај семејството и училиштето, на младиот човек му влијаат и многубројни фактори и ситуации. Во таа смисла се усложнува и воспитната улога на семејството. Тоа е упатено да бара помош од училиштето на поширок план, а не само за успехот во учењето на своите деца. Ако тргнеме од фактот дека досега училиштето имаше ексклузивен авторитет и моќ во образованието на детето, јасно е дека тоа е она што треба да покрене иницијатива и волја за започнување партнерски однос и отворање спрема родителите.

Помеѓу наставниците и родителите потребно е да се создаде систем на континуирана соработка за да можат и наставникот и родителот и ученикот да имаат континуиран увид во напредокот на ученикот и да преземаат мерки во согласност со резултатите. Заедничко планирање и спроведувањето на донесените мерки, постоењето на исти норми на однесување, заеднички прифатените образовни цели се неопходен предуслов за подобар успех на детето во училиштето[29]. Семејството како основно социјално опкружување во кое

[28] Fan, W. & Williams, C. (2009.). *The effects of parental involvement on students' academic self-efficacy, engagement and intrinsic motivation in Educational Psychology*. New York: Routledge, p. 41-52.
[29] Patrikakou, N. (2016). *Parent Involvement, Technology, and Media: Now What?* New York: Erlbaum, p.36-47.

личноста се развива и се формира и училиштето како претставник на институционалното воспитание и образование, се значајни фактори во развојот на поединецот. Многу често семејството и училиштето се разгледувале како два независни фактори со јасно раздвоени улоги и одговорности или во односот семејство-училиште се пренагласува значаењето на едниот од нив. Ако се пренагласува значењето на училиштето, како аргумент за таквиот став обично се наведува дека воспитувањето во училиштето е организиран, плански, свесен и систематски процес. Кога се пренагласува значењето на семејството, обично се истакнува нејзината огромна важност како примарен фактор на социјализација и незаменливоста на односите во семејството со какви било институционални облици на воспитание за правилен развој на детето.

Ако родителите се тие кои треба да ја разберат променетата природа на училиштата, подеднакво е важно и училиштата да го земат во обзир широкиот дијапазон на диспозиции, искуства и предности внатре во семејствата. Дека родителската улога е витална за равојот на децата и дека вклучувањето на родителите е одлучувачко за подобрување на постигањата и однесувањето на нивните деца.

## 5.1. Партнерска соработка помеѓу училиштето и семејството

Врската помеѓу семејството и училиштето претставува важен предизвик за образовната политика, да се нагласи важноста на партнерството помеѓу родителите и училиштето, како и потребата за активно и ефективно вклучување на родителите во работата на училиштето. Партнерството на училиштето со родителите на учениците е резултат на повисоко ниво на развој на одредено училиште, како и на заедничките аспирации на родителите и раководството на училиштето. Поимот партнерство вклучува одговорност за исходот и резултатите од заедничките напори, што подразбира обврска за повеќе заеднички активности.

Партнерството, за разлика од формалната соработка, подразбира отворена комуникација, активно слушање, меѓусебно споделување информации и почит. Квалитетот на партнерството помеѓу училиштето и семејството го менува квалитетот на воспитанието и образованието во училиштето и создава можности за унапредување на работата на училиштето. Освен пошироката рамка на

воспитно-образовно партнерство помеѓу родителите и училиштето, која го вклучува квалитетот на училишната работа, таа во потесна смисла се однесува и на промената во разбирањето на функцијата на учењето и нивниот однос во семејството и училиштето. Еден од основните елементи на односот помеѓу родителите и наставниците што го карактеризира нивното партнерство е заемната поддршка во разбирањето на развојот на детето и во способноста да им пристапат на децата во согласност со нивните развојни капацитети, да го набљудуваат и поттикнуваат нивниот начин на учење, како и да се поттикне позитивен став кон училиштето[30].

Со учеството во училишните активности, родителот подобро ќе ја разбере улогата на наставниот кадар во воспитувањето и образованието на детето, помалку ќе го обвинува, со нив ќе ја дели одговорноста кога станува збор за постигнувањата и однесувањето на детето, подобро ќе ги разбере можностите на детето, ќе ја зголеми неговата самодоверба, ќе биде позадоволно од улогата на родителство, ќе му даде поголемо признание за успехот на детето и успехот на училиштето и слично. Со партнерски пристап кон соработката, родителите и раководството на училиштето се одлучуваат за заеднички придонес во постигањата на учениците, честа комуникација, создавање позитивна клима во образованието и меѓусебно почитување. Партнерските односи се засноваат на соработка, меѓусебна зависност и рамнотежа, различни луѓе работат заедно како еднакви партнери за да ги идентификуваат целите и да ги решат проблемите, улогите се комплементарни и секој има подеднакво право на глас при одлучувањето.

Важна карактеристика на партнерството е споделената одговорност за образование и социјализација на учениците преку единствени цели и споделување одговорност. Во партнерството, разликите во мислењата се гледаат како силни страни, каде што родителите и наставниците го зголемуваат квалитетот на потенцијалните образовни и образовни резултати на учениците преку единство на знаење, ресурси и таленти. Прифаќањето на идејата за заеднички интерес и заедничка одговорност, создавање позитивна клима доминирана од заемна доверба, фокусирање на заедничките цели преку

---

[30] Epstein, L. (1992). School and Family Partnerships. Baltimore: Johns Hopkins University, p. 74-88.

ефективно решавање проблеми, ја формираат филозофијата на партнерство помеѓу семејството и училиштето, а со тоа и зајакнување на сите учесници во таквиот однос. Воспитанието во училиштето не треба да биде надоместување на родителското воспитание, туку само негово надополнување. Ова се однесува и на образованието во семејството, кое треба да претставува надополнување, а не надоместување на училишното образование. Сето ова бара и поголема едукација и подигнување на педагошката култура на родителите. Училиштето е најорганизирана воспитно-образовна институција која ги остварува пошироките општествени интереси, кои во демократското општество се во согласност и со интересите на семејството за правилен развој на нивните деца. Во таа смисла, воспитните цели и задачи се единствени и нивната реализација претставува заедничка грижа и обврска.

# 6. СОРАБОТКА СО СЕКОЈА СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО

## 6.1. Соработка преку Совет на родители

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите, односно старателите на учениците, се формира совет на родители на училиштето. Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката. Советот на родители работи по Правилник изготвен од страна на членовите. Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.

Советот на родители дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа, расправа за извештајот за работата на училиштето, дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности, разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа, учествува во самоевалуација на работата и постигањата на училиштето, иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето, учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник, избира

претставници во училишниот одбор на основното училиште и врши други работи утврдени со статутот на училиштето[31]. Родителите се еден интегрален дел на училиштето, тие помагаат во целокупната работа на училиштето како и во реализацијата на годишната програма. Преку Советот на родители училиштето остварува соработка со семејството на учениците на начин преку кој родителите се навремно информирани за сите случувања во училиштето, но и се активно субјекти кои имаат можност за донесување одредени одлуки кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес во училиштето.

## 6.2. Соработка преку Училиштен одбор

По својата структура, училишниот одбор е колегијален орган што значи дека е составен од повеќе членови. Училишниот одбор има важна улога, а за тоа зборува и неговото место на врвот од хиерархиската пирамида од организациската структура на училиштето. Родителите имаат законско право да бидат членови на овој управен орган во училиштето, дури улогата на претседател на училишниот одбор е законски определан да биде дадена на родителите. Училишниот одбор на училиштето ја обезбедува потребната поддршка на училиштето за да се обезбедат неговите перформанси како образовна институција сè со цел да се подобрат постигнувањата на учениците.

Училишниот одбор обезбедува форум преку кој родителите и другите членови на училишната и локалната заедница можат да дадат свој придонес во управувањето на сите три училишта и на крајот во резултатите и постигнувањата на учениците. Родителите, покрај наставниците се вклучени во континуирано зајакнување на образовниот систем и нивната вклученост има доста важна улога во успехот на учениците. Преку тој нивен ангажман во училиштата т.е. во училишните одбори тие имаат можност да влијаат на реализацијата и на резултатите од наставните програми. Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа тројца претставници од наставниците, стручните соработници од училиштето, тројца претставници од родителите и еден претставник од основачот.

[31] Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20).

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

На седниците на училишниот одбор, се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас, и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент. Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во кој било степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава. Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години[32]. Училишниот одбор од редот на своите членови претставници од родителите, избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање. Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги избира наставничкиот совет со тајно гласање.

Училишниот одбор на основното училиште донесува статут на основното училиште, предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството, донесува Развојна програма на училиштето, предлага финансиски план до основачот, предлага завршна сметка до основачот, објавува јавен оглас за избор на директор, врши интервју со кандидатите за директор. Добро воспоставен училиштен одбор на училиштето ѝ обезбедува висока свест на заедницата, силно лобирање во корист на училишниот развој, прибирање средства за специјални активности и зголемена достапност до тие средства од заедницата за образование.

Училишните одбори секоја година ги извршуваат своите функции регуларно, но истовремено истите ги модернизираат и осовременуваат за подобар развој и работа. Соработката на семејството и училиштето преку училишниот одбор е доказ за тоа колку е почитувана улогата и вклученоста на родителите во престојот и работата на училиштето. Како членови родителите имаат највисоко ниво на позиција и имаат право да донесуваат значајни одлуки

---

[32] Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20).

како за воспитно-образовниот процес, така и за целокупната работа на училиштето.

### 6.3. Соработката на наставниот кадар со семејството

Соработката на училиштето со родителите се остварува и во рамките на управниот орган на училиштето, односно родителите се вклучени како активни членови и имаат право на глас и донесување одлуки во училишниот одбор на училиштето, отворен ден за родители кој се организира еднаш месечно или на повеќе месеци и е наменет за решавање проблеми кои произлегуваат од секојдневието во работата во училиштето. Постојаната, континуирана соработка на релација семејство- воспитно-образовна институција, придонесува за развој на ученикот, за унапредување на работата на наставниот кадар, за јакнење на улогата која ја има родителот во развојот, воспитувањето, едукацијата на сопственото дете. Потребата за активно вклучување на родителот, произлегува од фактот што родителите се првите воспитувачи, учители, кои на наставниците можат да им ги дадат и најкорисните информации кои ќе се база, основа за насочување и преземање на идните заеднички акции.

Првиот чекор за инволвирање на родителите во воспитно-образовниот процес е создавање позитивна училишна клима. Родителските состаноци, како еден од традиционалните модели на комуникација меѓу училиштето и семејството, се најзастапени и денес. На родителските состаноци родителите не треба да бидат во улога на пасивни примачи на информации, не треба да преовладуваат теми поврзани само со пренесување информации за формални и организациски аспекти од училишниот живот, како и за постигнувањата на учениците, туку активно вклучување на родителите преку работилници, меѓусебни дијалози за развојот на детето и активни начини за помош на детето во учењето.

⌦ **Училиштето може да ги поттикнува родителите активно да се вклучат во процесот на образование на нивните деца на следниве начини[33]:**

[33] Weiss, H. (2008). *Building the future of family involvement. The evaluation exchange.* Massachusetts: Harvard, p.77-79.

- *наставниците треба да се информираат за знаењата, вештините, интересите на родителите и да испитаат како тие може да придонесат во наставата, воннаставните активности и целокупниот училиштен живот;*
- *училиштето да организира едукативни работилници и предавања на теми за детскиот развој, начините на учење и помошта која родителите можат да им ја дадат на своите деца;*
- *училиштето да ги поттикне родителите самите да ги искажуваат своите интереси и да одржуваат работилници на теми кои ги сметаат за корисни;*
- *училиштето да поттикне размена на искуства меѓу родителите;*
- *училиштето да претставува значајна основа и извор на поддршка на родителите;*
- *училиштето да започне дијалог со родителите за нивното учество во донесувањето одлуки;*
- *училиштето да им обезбеди на наставниците квалитетна поддршка во поттикнувањето на партнерските односи со родителите.*

Дијалогот меѓу самите родители може да дејствува мотивирачки и врз оние родители што не покажуваат доволна спремност за соработка со училиштето. Родителите и наставниците да поведат дијалог за сопствените очекувања и ставови поврзани со учеството на родителите во процесот на донесување одлуки во училиштето. Дијалогот е добра основа за разбирање на потребите, усогласување на меѓусебните очекувања, поделба на одговорноста и воспоставување вистински партнерски односи.

## 6.4. Соработка на стручна служба со семејството

Воспитно-образовната дејност во основното образование ја остваруваат стручните соработници: педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник и библиотекар. Основните

професионални компетенции опфаќаат основни знаења, способности и вештини коишто ги поседува стручниот соработник за да може квалитетно да ја извршува работата на стручен соработник во основно и средно училиште.

Основните професионални компетенции опфаќаат професионални вредности и професионални знаења и вештини во работа со ученици, работа со наставници, работа со родители, соработка со заедницата, професионален развој и професионална соработка, аналитичко-истражувачка работа, училишна структура, организација и клима. Во подрачјето работа со родителите опфатени се три потподрачја и тоа индивидуални и групни советувања и консултации со родителите, едукација на родителите и вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите се однесуваат на разбирање за тоа како семејството влијае на когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, на умешноста да се идентификуваат потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и на вештините за соодветно комуницирање давање поддршка на семејството. Едукацијата на родителите се однесува на знаењата и вештините за идентификација на потребите на родителите за едукација поврзана со нивната родителска улога и начините на комуникација со децата при помагање во учењето.

Вклучувањето на родителите во животот и работата на училиштето се однесува на знаењата и вештините за вклучување на родителите во одделни сегменти од воспитно-образовниот процес. Во подрачјето соработка со заедницата се опфатени две потподрачја: соработка со локалната заедница и соработка со стручните институции и организации. Соработката со локалната заедница се однесува на учество во планирањето, реализирањето и следењето на активностите на училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците. Соработката со стручните институции и организации се однесува на знаењата и вештините за остварување соработка со соодветните институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и сопствената работа.

Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите се однесуваат на знаењата за формите и методите за ефективно советување на родителите, како и на примената на различни методи и форми на индивидуални

и групни советувања на родителите[34]. Стручните служби во училиштето остваруваат соработка со родителите во сите аспекти во воспитно-образовниот процес во училиштето, како и преку реализирање на советување, информативно-консултативни и советодавни разговори со родителите. Советувањата се реализираат индивидуално и групно и нивната цел е да се утврдат причините поради кои се јавува одредена проблематика кај учениците како што се повеќе од три негативни оценки, несоодветно однесување на учениците за време на наставата и престојот во училиштето како и над сто оправдани изостаноци или пак повеќе од десет неоправдани изостаноци.

Покрај овие конкретни проблематики се реализираат и советувања за сите тековни проблеми и потреба за разговор од страна на родителите. Ова има голема важност бидејќи без соработка со родителот не може да се излезе во пресрет на учениците и да се санираат негативните последици од одредени постапки на учениците. Може да се согледа дека покрај останатите позитивни ефекти кои ги има училиштето од соработката со родителите најголемиот бенифит се гледа токму кај учениците. Имено за да можат децата да учат и да се развиваат, потребна е цврста соработка на училиштето со семејството.

### *6.4.1. Советување родители*

Советувањето во училиштето се реализира со родители и ученици и тоа групно и индивидуално советување од страна на училишниот педагог. Групното советување се реализира во две средби во траење од 60 минути. Родителите со покани се уредно и навремено поканети на закажаното советување осум дена пред закажаниот термин, втората средба се реализира осум дена по првата средба.

- **Цели на советувањето:**
  - *запознавање на родителите со природата и значењето на проблемот;*
  - *едуцирање на родителите за начинот на кој можат да ги подобрат вештините;*
  - *да се унапреди односот во семејството.*

[34] Галчева, К. (2014). „Педагогот во полза на родителите или заедно да воспитуваме за безбедно однесување на децата“. Штип: Факултет за образовни науки, 11-19.

⌦ **Тек на советувањето[35]:**

- *на првата средба се запознаваат учениците на истото, се запознаваат со правилата на работа, опишување на проблемот, можностите за надминување на проблемот, менување на однесувањето и резимирање на првата средба;*
- *втората срдба започнува со кратка ретроспектива на првата средба, се разговара за важноста и придонесот на родителите, се разгледуваат стиловите на родителство, се даваат совети и препораки за поуспешна комуникација меѓу родителот и ученикот, родителите даваат свои предлози, резимирање на целокупната средба и советувањето.*

Кај индивидуалното советување на родители и ученици се постапува во зависност од природата на проблемот. Преку советодавно-консултативен разговор се утврдуваат точните причини за појавата на истиот, се даваат конкретни совети, насоки и сугестии за надминување на проблемот.

⌦ **Советувањето вклучува справување со мноштво предизвици:**

- *бихевиорални проблеми;*
- *справување со стресот и вината кои ги носи родителството;*
- *развојни проблеми;*
- *стратегии за справување со кризни ситуации;*
- *практични проблеми поврзани со секојдневието на детето.*

За време на советувањето, ќе се стекнат со вештини кои се потребни за семејството да функционира оптимално. Уште поспецифично, ќе се дадат насоки и поддршка кои се потребни за да се овозможи стабилно и здраво детство.

[35] Програма за советување на родители на ученици во основни училишта, (2012), МОН.

# 7. СОРАБОТКА И УЧЕСТВО НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Вклучувањето на семејството е важно во целиот животен циклус на децата со попреченост, особено во раните години. Вклучувањето на родителите е важен принцип за квалитетот и инклузивното образование, како внатре, така и надвор од училницата. Позитивната поврзаност меѓу родителите и училиштата влијае врз однесувањето и успехот на децата. Семејството игра важна улога во процесот на унапредување на законите и политиките за инклузивно образование. Децата со попреченост не се единствените кои имаат придобивки, постојат предности и за родителите, соучениците, наставниците и училиштата. Вклучувањето на родителите е порелевантно кај инклузивното образование, кое е многу пошироко од формалното и не треба да се одвива само меѓу четирите ѕида на училницата. Соработката на родителите не е корисна само за децата, постојат и можни придобивки за сите, имено родителите имаат поголема интеракција со децата, стануваат поодговорни и почувствителни за нивните потреби и посигурни во своето родителство.

Преку вклучување на родителите училиштата стекнуваат подобар углед во заедницата[36]. Првиот чекор на вклучување на семејствата во соработка со училиштата е да се унапреди општествено-образовната атмосфера во која родителите и партнерите ќе се чувствуваат добредојдени, почитувани, од доверба, ислушани и потребни. Соработката е резултат на социјална, институционална и интерперсонална динамика, која се карактеризира со комплексност. Соработката е сложен процес кој не гарантира дека со ист пристап ќе се разрешат сложени проблеми. Стручните агенции и организациите на лицата со попреченост поттикнуваат конкретни активности за вклучување на семејствата и унапредување на соработката за инклузивно образование во заедницата. Обезбедувањето поддршка и редовна обука за родителите и создавањето пријателска институционална средина се чинат како најчести препораки за вклучување на родителите и заедницата. Степенот на вклученост

[36] Будимир-Нинковиќ, Г. (2009). Савремена породица и школа. Јагодина: Педагошки факултет, стр.11-14.

на семејството во образованието на децата може да варира во согласност со можностите за учество што образовниот систем ги става на располагање. Кај децата со попреченост, волноста на семејството да се вклучи во соработка може да биде под влијание на видот на попреченоста, како и на социо-економскиот статус на семејството и природата на односот родител-дете.

Се користат неколку скали за да се оценат различните видови и степени на соработка меѓу училиштата, семејствата и заедниците. Обезбедувањето поддршка и редовна обука за родителите, овозможувањето редовен пристап до информации и консултации, и создавањето пријателска институционална средина се чинат како најчести препораки за имплементација на добри политики за вклучување на родителите и заедницата во инклузивното образование. Семејствата како придонесувачи кон инклузивното образование, улогата на родителите е нагласена при поддршката на вклучувањето во семејството и при учењето и развојот на децата дома. Семејствата и заедниците треба да ги зацврстат инклузивно-наставните искуства. Училиштата, семејствата и заедницата како партнери од размена на информации, па до поддршка од членовите на семејството на учењето дома.

Семејствата во поддршка на други семејства се препорачува за родителите на деца со попреченост кои живеат во сиромаштија, во изолирани заедници, или со поинакво културно или јазично потекло. Соработката мора да биде и конструктивна, и ефикасна, а тоа има шанси да се случи кога сите страни ќе се чувствуваат комотно во процесот, кога ќе бидат договорени и разбрани различните улоги и кога информациите редовно ќе се обезбедуваат на отворен и демократски начин. Не треба да се заборави ниту потребата од редовни можности за појаснување на очекувањата на сите учесници, разбирање на комплексноста на процесот и разговор за тоа како да се подобри квалитетот на процесот на соработка. Меѓусебната соработка веројатно е едно од највредните средства и долгогодишна традиција на лицата со попреченост.

Инклузивните училишта ги прифаќаат родителите како партнери во наставниот процес. Понекогаш, ова партнерство е во форма на консултации со родителите како волонтери, заради олеснување на вклучувањето или барање поддршка за дополнителни наставни активности дома[37]. Партнерствата помеѓу

---

[37] Џонстон, К.(2011). *„Инклузивно образование и училишта по мерка на децата“*, стр.20-27.

училиштето и семејството се многу поефективни кога се предвидени активни политики како водич за вклучување на семејствата и наставниците и семејствата меѓусебно ги разбираат и ги почитуваат своите улоги. Политиките за создавање структури и олеснето вклучување на родителите и учество на заедницата се сè поприсутни во инклузивното образование.

Принципите на соработка вклучуваат поттикнување кооперативно лидерство и демократско одлучување, постапки на проактивна комуникација, решавање конфликти, колективно учење и заедничка сопственост врз достигнувањата. Достапноста на политиките, структурите и конкретните можности за вклучување на родителите и заедниците, исто така, игра важна улога. Понекогаш, овие елементи веќе постојат и може да се очекува дека низ годините се развила култура на соработка, и дека наставниците и семејствата се навикнати да соработуваат и се чувствуваат комотно при различните улоги и задачи.

Ставовите на семејствата за инклузивното образование може да бидат измешани, особено кога обичните училишта сè уште не се оспособени да одговорат на разновидноста, па семејствата ја гледаат одвоеноста како подобра алтернатива. Она што е важно во инклузивниот систем на образование е дека нивната улога се признава, а нивните ставови и мислења се ценат и се почитуваат. Отпорот кон инклузивното образование и натаму останува силен меѓу некои родители. На родителите им треба обука, поддршка и јакнење за да ги сфатат правата на децата со попреченост и да станат сојузници на стратегиите за инклузивно образование.

Со поголемо разбирање на општествената конструкција на попреченоста и на придобивките од вклученоста на сите ученици, родителите, како со, така и без деца со попреченост може да станат поприемчиви за вклучувањето на децата со попреченост во редовните училишта. Поддршката од семејствата и вклученоста на заедницата може да заземат повеќе форми, од влијание врз политиките до помош при конкретни задачи во училиште. Клучот е образовните чинители да се консултираат со родителите за целосно да го разберат стилот на учење кај секој ученик поединечно. Тие мора да бидат подготвени да ги слушнат ставовите и грижите и да ги споделат одлуките. Наоѓањето нови можности за ангажман на семејството и заедницата е клучно за успешна соработка. Училиштата и наставниците мора да бидат свесни и подготвени за такви можности.

Отвореноста на наставниците да прифатат родителска поддршка во училница ќе помогне околу логистиката и околу прашања кои произлегуваат од индивидуалните потреби.

Редовните состаноци вон училницата меѓу наставниците и родителите овозможуваат појасна комуникација и решавање на проблемите. Истовремено, некои адаптации на програмата ќе бидат корисни за децата кои, иако немаат попреченост, може да имаат одредени посебни образовни потреби. Квалитетната и константна, едноставна и професионална комуникација која влева доверба и мотивира на соработка и заеднички интерес ќе придонесе за успех во развојот на ученикот. Влијанието на наставникот е особено важно во развојот на личноста на ученикот, во развојот на неговиот интелект, на емоциите и социјалните вештини, а сето тоа влијае врз целокупниот живот на ученикот. Оттука произлегува и потребата за интензивна соработка и комуникација на наставникот и родителот. Квалитетната и константна, едноставна и професионална комуникација која влева доверба и мотивира на соработка и заеднички интерес ќе придонесе за успех во развојот на ученикот.

## 8. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Тргнувајќи од проблемот на истражување организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството, потребно е да се пронајдат и да се согледаат други важни истражувања кои се однесуваат на истата тематика. Со релевантните истражувања се добиваат и други согледувања во однос на организациската поставеност на училиштата и важноста на нивната соработка со семејството/родителите на учениците, но и се овозможува создавање услови за согледување на сушинските карактеристики.

### 8.1. Релевантно истражување спроведено во Турција

Истражувањето е спроведено во турскиот град Газиантеп во април 2012 година и е претставен на Меѓународната конференција за глобални прашања на раното детско образование. Спроведен од страна на д-р Ахмет Цезми Саваш, професор на Факултетот за образование на Универзитетот „Зирве“. Истражувањето е со наслов „Придонесот за соработката помеѓу училиштето - семејството“. Истражувањето е спроведено во центарот на Газиантеп за време на

пролетен семестар од учебната 2011/2012 година. Целниот предмет на оваа квалитативна студија се состоела од 28 наставници од кои 24 женски и  4 машки и  23 родители  од кои 13 мајки и  10 татковци.

Ставовите на наставниците и родителите за семејната училишна соработка за справување со лошото однесување на учениците е следење и контролирање на недоличното однесување на учениците надвор од училиштето. Од спроведеното истражување е дојдено до заклучок дека наставниците имаат потреба од родителска поддршка за одржување и контролирање на однесувањето на учениците надвор од училиштето. Во дадената ситуација да се справат со лошото однесување на учениците, родителите и наставниците сакаат да ја зголемат соработката меѓу семејството и училиштето и тие сакаат да развијат стратегии за конзистентност. Исто така, тие сакаат да ги користат насоките и советувањето како поефективна услуга на училиштето.

Насоките и советодавните услуги играат главна улога во помагањето на ученикот да го надмине своето недолично однесување за подобри перформанси. Повеќето родители (N = 19, 83 %) сметале дека им даваат поддршка на наставниците по тоа прашање за справување со лошото однесување на учениците. Сепак, најголем дел од наставниците (N = 15, 54 %) одговараат на тоа дека немаат доволно поддршка од родителите во однос ова прашање. Ставовите на наставниците и родителите за семејната училишна соработка се дека повеќето од наставниците (N = 20, 71 %) сметаат дека родителите им даваат поддршка, повеќето родители (N = 14, 61 %) сметаат дека им даваат поддршка на наставниците. Но, некои од наставниците и родителите мислат дека родителската поддршка не е на доволно ниво во ова прашање. Во однос на решавање на психолошките проблеми на учениците, повеќето од наставниците (N = 13, 75 %) сметаат дека родителите даваат поддршка и  родителите (N = 14, 61 %) сметаат дека даваат поддршка на наставниците.

Според наставниците, за да се мотивираат децата, наставниците и родителите потребно е поефективно да се соработува за развој на поконзистентни стратегии за управување со однесувањето, особено во смисла на давање соодветни и конзистентни награди и засилувања за нивните перформанси. Според родителите и наставниците, учениците можат полесно да се мотивираат за достигнување ако родителите и наставниците користат повеќе поддршка, охрабрување и мотивирање во комуникацијата со децата. На

наставниците им е потребна родителска поддршка за одржување и контролирање на однесувањето на учениците надвор од училиштето и за одржување на психолошкиот, социјалниот и академскиот развој на учениците. Повеќето од наставниците сметаат дека родителите им даваат поддршка во сите прашални димензии во оваа студија, освен кога се справуваат со лошото однесување на учениците.

Во оваа димензија повеќето од наставниците мислат дека родителите не им даваат доволно поддршка. Слично на тоа, повеќето родители мислат дека даваат доволно поддршка во сите димензии. За ефикасно справување со недоличното однесување на учениците, наставниците сметаат дека родителите треба да се обучуваат во однос на управувањето со однесувањето и тие треба да ги споделат информациите за однесувањето на учениците. Во однос на придонесот на соработката училиште-семејство за ефективно управување со училницата родителите сметаат дека наставниците треба да веруваат и да пристапат поемпатично кон учениците за да има личен ефект врз учениците и поефикасно справување со недоличното однесување. И наставниците и родителите сметаат дека има потреба од повеќе ефикасно користење на службата за насоки и советување и барање специјалистичка помош за решавање проблеми во однесувањето и рехабилитација на учениците.

Исто така, двете страни сметаат дека има потреба од зголемување и развој на соработката меѓу училиштето и семејството, заеднички и конзистентни стратегии за ефикасно справување со недоличното однесување на учениците. Повеќето од наставниците сметаат дека на родителите им даваат поддршка во сите димензии во оваа студија освен кога се справуваат со недоличното однесување на учениците. Во сите случаи освен мотивирање на учениците за постигнување, како на наставниците и родителите, ја истакнуваат важноста на ефикасно користење на советувањето и насоките во служба на училиштето и барање специјалистичка помош за зголемување на соработката училиште-семејство и поефикасно решавање на проблемите на учениците. При мотивирање на учениците за постигнување родителите и наставниците сметаат дека треба да се користи јазик за поддршка и охрабрување наместо обесхрабрувачки јазик кон учениците.

Според родителите и наставниците, најчесто користени алатки за соработка училиште-семејство се состаноци организирани за родители и приватни

разговори. Како важни пречки на соработка училиште-семејство и наставниците и родителите ја истакнуваат неподготвеноста на една од страните и давање недоволно значење на соработката помеѓу училиштето  и семејството. За унапредување на соработката помеѓу училиштето  и семејството, би требало различни социјални активности да се организираат почесто, да се промовира комуникацијата меѓу двете страни, а другата страна е посвесна за важноста на соработката помеѓу училиштето и семејството.

### 8.2. Релевантно истражување спроведено  на  Харвард

Проектот за истражување на семејството на Харвард се одвојува од Факултетот за образование на Харвард за да стане глобален проект за истражување на семејството од 1 јануари 2017 година. Во септември 2016 година од здружението за надзор и развој на наставни програми „Конференции родители-наставници: застарени или недоволно искористени“ разгледува како училиштето и наставниците можат да ја подобрат традиционалната соработка помеѓу родителите и училиштето. Елена Лопез и Маргарет Каспе од проектот за семејно истражување на Харвард ги препорачуваат следните стратегии за зајакнување на интеракциите помеѓу семејствата и училиштето:

- *да се изгради емпатија - развој на  разбирање за тоа како семејствата ја доживуваат соработката со училиштето;*
- *да се споделат податоците ефикасно - кога училиштето им дава на семејствата податоци и чекори, семејствата можат да го поддржат учењето на нивните деца дома;*
- *да се подобрат системите - како што е училишниот систем за податоци, кои ги олеснуваат и поддржуваат интеракциите помеѓу училиштата и семејствата;*
- *да се продолжи со разговорот со семејствата во текот на целата година.*

Се истакнуваат училиштата кои размислуваат креативно да го зголемат присуството на родители и да го изградат капацитетот на наставниците околу семејниот ангажман. Се истакнуваат неколку важни работи во истражувањето и тоа дека семејствата играат важна улога при тргнување во училиште и односите

меѓу семејствата, програмите за раното детство, училиштата и заедниците и истите ја претставуваат основата на ефикасна практика.

### 8.3. Релевантни истражувања спроведени во Португалија и други европски земји

За прашањето на соработката помеѓу училиштето и семејството во однос на научни истражувања, во Португалија се истакнува студијата на Педро и соработниците во 2000 година која воедно е првото истражување што е спроведено на национално ниво на оваа тема. Тоа е студија иницирана од одделот за проценка и планирање на перспективите на Министерството за образование, од каде што се истакнува дека е можно да се подобрат училиштата преку промена на квалитетот на наставата и учењето преку култура на партнерство од кое корист имаат учениците без да се заборават семејствата и наставниците.

Сепак, оваа студија покажува дека односот меѓу наставниците и родителите ја оправдува брзата интервенција. Според Педро училиштето може да им пружи помош на семејствата за да им ги обезбеди неопходна помош за исполнување на нивните основни обврски: благосостојба, наклонетост, здравје, храна, облека и соодветно социјално однесување. Контактот меѓу нив и оние што постојат се многу традиционални средби меѓу директорот и родителите, разговори со родители кои ги повикуваат наставниците и пишуваат информации во дневните тетратки на децата. Резултатите од оваа студија, исто така, укажуваат дека нивото на успешност на 300 ученици кои биле тестирани по писменост и математиката е подобрена во споредба со нивните соодветни контролни групи во секое училиште. Во студијата на Вилас-Боас во 2001 година, се нагласува важноста на партнерствата помеѓу родителите и наставниците за намалување на културните разлики, а со тоа и намалување на дисконтинуитетот меѓу двете институции, за да се подобри училиштето и да се создадат семејни средини кои се попогодни за учење.

Во студијата на Nunes во 2004 година, се потврдува дека вклученоста на родителите не носи придобивки само за академски успех на учениците туку ја зголемува нивната мотивација за учење, го олеснува и зајакнува престижот на наставниците и професионална работа и има тенденција да ја поддржува и да ја подобри социјалната слика на училиштето. Резултатите од студијата на Zenhas

во 2006 година исто така открива дека соработката помеѓу училиштето и семејството се појавува, не како цел, туку како средство за промовирање на образовниот и академскиот успех на учениците.

Доколку родителот учествува во телата за одлучување има мал значаен ефект врз подобрувањето успехот, постојат и други форми на соработка, како што се комуникациска и студиска поддршка дома, кои имаат и значително влијание врз подобрувањето на учењето. Фундаменталната улога на семејствата во поддршката и процесите на школување на нивните деца ги изразува и Мигуенс во 2008 година, кој потврдува дека соработката помеѓу семејството и училиштето одамна е означена како столб за успех во училиштето.

Што се однесува до соработката помеѓу семејството и училиштето, Нунес во 2004 година, исто така, ги претставува придобивките за родителите како што е зголемување на нивното влијание, поголема благодарност за нивната улога, зајакнување на социјалните мрежи, раст на условите за информации и материјали за обука и зголемени чувства на самопочит, влијание и мотивација за продолжување со сопственото образование.

## 8.4. Релевантно истражување спроведено во Република Србија

Ова релевантно истражување е спроведено во Чачак, град во Република Србија, од страна на Јелица Радович на Факултетот за технички науки во Чачак во 2013 година. Многу важен фактор за успехот на ученикот е соработката помеѓу семејството и училиштето, која индиректно се пренесува на детето, доколку родителот и наставникот се согласат, ученикот ќе има ист третман дома и на училиште, меѓутоа ученикот ќе работи поинаку дома и на училиште и може да се најде во дилема кого да слуша. Затоа соработката помеѓу семејството и училиштето е исклучително важна. Истражувачкиот проблем во ова истражување се однесува на тоа дека не е само ученикот кој е одговорен за успехот или неуспехот, туку и наставниците и родителите.

Предмет на истражување е испитување на нивото на соработка помеѓу семејството и училиштето. Соработката помеѓу семејството и училиштето, од гледна точка на родителите, беше обработена преку неколку групи прашања. Односно прашања за информации, училишни услови, однесување, безбедност и

соработка со раководителот на одделението. Целта на истражувањето е утврдување на степенот на соработка, информираност и доверба помеѓу семејството и училиштата. Основната хипотеза на ова истражување е дека голем број родители ја сфаќаат несериозно соработката со училиштето, пред сè со одделенскиот раководител и не посветуваат доволно внимание на таа соработка, несвесни за фактот дека успешната соработка носи позитивни резултати во воспитно-образовниот процес на нивното дете како и создавањето на личноста на детето. Сепак, успешната соработка треба да биде двонасочна, односно родителите и наставниците да имаат ист степен на ангажираност.

Причината за ниското ниво на вклученост на родителите се претпоставува дека е недостатокот на информации на родителите за условите во кои се школува нивното дете, ниту пак имаат увид во наставните и вонаставните активности. Примерок на истражувањето се родители од Машинското, сообраќајно и уметничкото училиште во Чачак и во О. Ш. „Бранко Радичевиќ“ во Прибој. Во истражувањето учествувале 76 родители, од кои 22 биле родители на девојчиња, а 54 родители на момчиња. Врз основа на добиените резултати, може да се заклучи дека родителите чии деца посетуваат основно училиште се многу позадоволни од соработката со училиштето и дека има помалку неинформирани родители отколку во средното. Најголем број родители имаат позитивни искуства со информации за достигнувањата и однесувањето на нивните деца. Додека многу мал број родители се незадоволни од начинот на кој училиштето ги информира, а од резултатите се потврдува дека раководителите на одделенијата многу сериозно и одговорно ја сфаќаат својата функција.

Во просек, 80 % од родителите целосно се согласуваат со изјавите кои се однесуваат на соработка со одделенскиот раководител. Незадоволството од работата на раководителот на одделението потврдиле и мал број родители. Половина од анкетираните родители биле запознаени со правилата на однесување, а мал дел од родителите одговориле негативно, односно дека не се согласуваат со изјавата или дека воопшто не биле запознаени со правилата на однесување и дали постојат правила на однесување. Соработката придонесува да се отстранат причините кои довеле до неуспех, на учениците им се обезбедува потребната помош во работата, а им се укажуваат евентуални грешки и пропусти.



# II ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предметот** на истражувањето е организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството.

Предметот на истражувањето е поставен во насока на детализирање и анализирање на целокупната организациска поставеност на училиштето и неговиот однос и начин на реализирање на соработката со семејството односно со родителите/старателите на учениците. Сето ова ќе овозможи поставување соодветен пристап за поттикнување континуирана меѓусебна соработка помеѓу овие два субјекти, којашто ќе има најголем позитивен ефект врз целокупниот воспитно-образовен процес и развојот на учениците.

⌦ **Аспекти на предметот на истражувањето:**

- анализа на влијанието на остварување на меѓусебната соработка врз успехот на учениците;
- постојните начини на соработка со семејствата на учениците од страна на училиштето;
- анализа на степенот на вклученост на родителите во планирање на наставниот процес и изработката на останатите програми во училиштето;
- анализа на вклученоста на родителите во воннаставните активности во училиштето;
- анализа на учеството на родителите во управните органи и другите тела во училиштето;
- анализа на ефектите од соработката на родителите на учениците со стручната служба во училиштето;
- анализа на учеството на родителите во училишните тимови во согласност со законските норми.

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Целта** на истражувањето е насочена кон испитување и анализа на степенот на остварената соработка помеѓу организациската поставеност на училиштето и семејствата на учениците. Односно континуирана соработка на наставниот кадар, стручната служба и раководниот орган со родителите/старателите на учениците како и нивната вклученост во воспитно-образовните активности и работата на управниот орган и другите стручни тела во училиштето.

⌦ **Карактер на истражувањето**

- **Дескриптивно** - Во истражувањето се применува дескриптивниот метод и не се спроведува никаков вид на експериментирање.
- **Квантитативно -** Во истражувањето добиените податоци со примената на соодветни техники ќе се обработат статистички.
- **Квалитативно** - Ќе се добијат резултати со користење затворен тип прашања кои квалитативно се обработуваат.
- **Применето** - Истражувањето ќе биде насочено кон решавање проблем и добивање нови научни сознанија.
- **Индивидуално** - Истражувањето ќе се спроведе од страна на еден истражувач.
- **Емпирско -** Проблемот ќе се решава по пат на непосредно реално искуство, податоците ќе се користат како факти и истите ќе се добијат од страна на компетентни целни групи.
- **Евалуациско -** Се тргнува од влијанието на вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес во училиштето и останатите активности во истото.

## 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Дефинираниот предмет и цел на истражувањето упатуваат на реализација на повеќе задачи и тоа:

1. да се испита организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството на учениците;
2. да се испитаат начините на кои училиштето ја реализира соработката со родителите на учениците;
3. да се испита дали се почитуваат законските норми за вклучување на родителите во рамките на формирањето на училишните тимови од страна на раководниот орган на училиштето;
4. да се испита ставот на родителите на учениците за нивната вклученост во воспитно-образовниот процес во училиштето;
5. да се испита ставот на родителите на учениците за нивната вклученост во управниот орган и другите тела на училиштето;
6. да се испита влијанието на соработката на родителите со сите субјекти во училиштето врз успехот на учениците во истото;
7. да се испита колку соработката на родителите на учениците со стручната служба во училиштето и наставниот кадар влијае врз надминувањето на одредени проблеми кои се јавуваат кај учениците поврзани со нивниот успех, дисциплина и развој;
8. да се испита колку препораките и сугестиите на родителите се прифатени од страна на раководниот орган на училиштето;
9. да се испита ставот на родителите за потребата од нивната соработка со училиштето;
10. да се испита квалитетот и квантитетот на соработката на наставниот кадар со родителите на учениците;
11. да се испита вклученоста на родителите во планирање на годишната програма на училиштето и програмата за екскурзии;
12. да се испита вклученоста на родителите на учениците во планирањето и реализацијата на вонаставни активности;
13. да се испитаат позитивните ефекти од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето;

14. да се испита влијанието на советодавно-консултативните разговори со родителите врз успехот на учениците;
15. да се испита колку училиштето со континуирана соработка со семејствата на учениците има влијание врз односот на родителите кон детето и стиловите на родителство;
16. да се испита колку родителите на учениците се навремено информирани за успехот и престојот на учениците од страна на одговорните лица во училиштето.

## 4. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето се поставуваат следниве хипотези:

**Општа хипотеза:**

Постои потреба од организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството. Семејството односно родителите/старателите на учениците треба да се вклучени како активни субјекти во воспитно-образовниот процес за истиот да има целосен успех.

**Посебни хипотези:**

X1: Постои потреба во училиштето да се реализира квалитетна соработка на сите негови субјекти со семејството т.е. родителите на учениците.

X2: Се претпоставува дека родителите се вклучни со свои препораки и сугестии во воспитно-образовниот процес во училиштето.

X3: Се претпоставува дека родителите учествуваат во работата на управниот орган и другите тела во училиштето.

X4: Се претпоставува дека родителите учествуваат во планирање и реализирање на воннаставните активности во училиштето.

X5: Се претпоставува дека со квалитетна меѓусебна соработка на семејството и училиштето позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците.

X6: Се претпоставува дека родителите остваруваат соработка со училиштето при планирање на годишната програма на училиштето.

X7: Се претпоставува дека родителите остваруваат соработка и се вклучени во училишните тимови во училиштето.

X8: Се претпоставува дека родителот остварува соработка со стручната служба на училиштето преку советодавно-консултативни разговори и средби.

X9: Се претпоставува дека има повеќе начини во рамките на организациската поставеност на училиштето за остварување на соработка со семејството т.е. родителите на учениците во истото.

X10: Се претпоставува дека родителите имаат позитивен став во однос на потребата од нивна соработка со училиштето.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Согласно поставените хипотези, во фокус на истражувањето се следниве варијабли:

- **Независна варијабла**

  Улогата на организациската поставеност на училиштето во соработката со родителите врз успехот и развојот на учениците.

- **Зависна варијабла**

  Применување на целосна и квалитетна соработка на родителите со сите субјекти во училиштето.

## 6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

- **Методи на истражувањето**

Во процесот на докажување на хипотезите се користат методите: анализа, синтеза, дескрипција, квантитативни и квалитативни методи. Во истражувањето доминира дескриптивниот метод со сите свои модалитети, што значи ќе се врши анализирање на состојбата.

- **Техники на истражувањето**
  - *Анкетирање.*
- **Инструменти на истражувањето**

Како мерен инструмент се користи:

- *Анкетен прашалник од затворен тип.*

Анкетните прашалници од затворен тип ќе бидат наменети за наставниот кадар, стручната служба и родителите. Испитаниците можат да одговараат со

еден одговор од трите понудени опции преку кои ќе се добијат податоци за нивните ставови и фактичката состојба за нивната вклученост во работата на училиштето како и ефектите од квалитетот на реализираната соработка помеѓу родителите и училиштето како воспитно-образовна установа.

## 7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

***Примерокот*** на истражување се вработени во основно училиште, поточно наставниот кадар, стручната служба како и родителите/старателите на учениците во конкретните основни училишта на територијата на град Скопје. Примерокот на ова истражување е намерен, односно намерно се одбрани оние поединци кои најмногу ќе придонесат за истражувањето.

Стратификуваните единици во примерокот се класифицирани во слоеви: наставен кадар, стручна служба и родители. Примерокот на ова истражување е составен од вкупно 80 испитаници од редот на наставен кадар, 80 испитаници од редот на родители, 11 испитаници од редот на стручната служба во училиштата. Во примерокот се вклучени ООУ „Дане Крапчев“, ООУ „Крум Тошев“, ООУ „Григор Прличев“ и ООУ „Крсте Мисирков“.

## 8. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Анализата на добиените резултати статистички ќе бидат обработени и како сите други статистички истражувања и овде статистичката обработка на податоците ќе помине низ четири фази:

1. ***фаза на собирање податоци;***
2. ***фаза на групирање и прикажување на податоците;***
3. ***фаза на анализа на податоците;***
4. ***фаза на статистичко заклучување***.

При статистичката обработка на добиените податоци се користат статистички постапки од дескриптивната статистика, односно фреквенција на дистрибуција и процентуална фреквенција, табеларно и графичко претставување на податоците. Низ сите фази на статистичка обработка на податоците ќе се вршат квалитативни и квантитативни анализи на податоците од кои ќе произлезат статистичките заклучни согледувања. Податоците добиени

со примената на истражувачките техники ќе се обработуваат на неколку нивоа. Најпрво сите добиени податоци ќе бидат анализирани и класифицирани за секое училиште поединечно. Потоа добиените податоци ќе бидат соодветно споредени и генерализирани.

Збирните групирања ќе бидат извршени со дистрибуција на податоците според нивното јавување. Посебни групирања ќе бидат направени со пресметување на процент за добивање просечни резултати. Резултатите ќе бидат прикажани квалитативно и квантитативно.

## 9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето ги следи општите методолошки постапки за научноистражувачка работа и ќе биде реализирано во однапред планирана временска рамка. Истото е реализирано во месец септември 2022 година, поточно со почетокот на учебната 2022/23 година. На почеток од истражувањето е утврдена целокупната потребна документација за спроведување на истражувањето и обезбедување на истата.

Потоа се прави теоретската анализа и изработка на инструментот кој ќе се користи во рамките на ова истражување. Во постапката за подготовка на истражувањето по утврдувањето на критериумот за избор на субјектите кои ќе бидат вклучени во истражувањето, како неопходен услов е остварена средба со директорите, наставниот кадар и стручната служба на одбраните училишта, на кои е објаснета целта на истражувањето и им се доставени претходно подготвените анкетни прашалници.

По спроведување на анкетните прашалници и добивање на податоците истите статистички се обработуваат и се анализираат и се врши интерпретација на добиените резултати.



# III ДЕЛ
# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Во продолжение на овој труд е претставена анализата и обработката на податоците добиени со спроведување на анонимните анкети. Односно направена е анализа на добиените резултати како и нивна интерпретација со цел да се согледа ставот на родителите, наставниот кадар, стручната служба како и конкретната состојба во основните училишта во кои е спроведена анкетата.

Ставот и состојбата во основните училишта во однос на целокупната организациска поставеност на училиштето, неговиот однос и начин на остварување на соработката со семејствата односно со родителите на учениците. Анализиран е степенот на остварената соработка помеѓу организациската поставеност на училиштето и семејствата на учениците како и континуираната соработка на наставниот кадар, стручната служба со родителите на учениците и нивната вклученост во воспитно-образовните активности и работата на управниот орган и другите стручни тела во училиштето.

Во третиот дел од магистерскиот труд се анализирани добиените резултати од спроведеното истражување, сè со цел да се добие реален увид во состојбата во училиштата во однос на соработката на семејството/родителите со целокупната организациска поставеност на училиштата.

При квантитативната обработка на добиените податоци од спроведените анкетни листови поточно во делот на статистичката анализа, се пристапи кон групирање на податоците со помош на постапки за дескриптивна статистика и користење на табелирање и графичко прикажување и притоа одредување на фреквенција (f) и пресметување проценти (%).

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

### 1. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета наменета за наставен кадар

Во првиот дел се анализирани податоците од анкетните листови кои се наменети за наставниот кадар. Даден е табеларен и графички приказ на добиените податоци и нивна интерпретација, со што се увидува дали поставените хипотези се потврдуваат или се отфрлаат.

Анкетниот прашалник наменет за наставен кадар е од затворен тип, содржи 14 прашања при што испитаниците одбираат еден од трите понудени одговори. Преку нивната анализа се добиваат податоци за нивните ставови за работата на училиштето како и квалитетот на реализираната соработка помеѓу семејството/родителите и училиштето како воспитно-образовна установа.

Анкетирани се вкупно 80 испитаници од редот на наставен кадар вработени во основните училишта каде што е спроведено истражувањето. Врз основа на добиените одговори од спроведената анкета се добиваат податоци за тоа какво е влијанието на остварување на меѓусебната соработка врз успехот на учениците, постојните начини на соработка со семејствата на учениците од страна на училиштето, степенот на вклученост на родителите во планирање на наставниот процес и изработката на останатите програми во училиштето, вклученоста на родителите во вонннаставните активности во училиштето, учеството на родителите во управните органи и другите тела во училиштето, ефектите од соработката на родителите на учениците со стручната служба во училиштето како и учеството на родителите во училишните тимови во согласност со законските норми.

Во продолжение следуваат обработените резултати и нивната анализа и интерпретација преку табеларна и графичка обработка, со пресметка на фреквенција ***(f)*** и процент ***(%)***.

⇨ **Прашање број 1:** Дали редовно и навремено ги информирате родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца?

| ПРАШАЊЕ | ОДГОВОРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДА | | НЕ | | ДЕЛУМНО | | Σ |
| | f | % | f | % | f | % | |
| ***1. Дали редовно и навремено ги информирате родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца?*** | 67 | 83,75 | 5 | 6,25 | 8 | 10,00 | **80** |

***Табела бр. 1: Ставови на наставниот кадар за редовното и навременото информирање на родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца***




***Графикон бр. 1: Ставови на наставниот кадар за редовното и навременото информирање на родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца***

Во однос на ***првото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 67 или 83,75 % се изјасниле со „Да“, 5 или 6,25 % се изјасниле со „Не“ и 8 или 10,00 % се изјасниле со „Делумно“ за тоа дали редовно и навремено ги информираат родителите на учениците за нивниот успех и постигнувања во текот на нивниот воспитно-образовен процес. Со првото прашање се има тенденција да се согледа колку наставниот кадар е ангажиран и вклучен во процесот на соработка со семејствата, односно со

родителите на учениците како и важноста за континуирана размена на информација во однос на постигањата и успехот на учениците.

Првото прашање е во согласност со помошната хипотеза *X5: Со квалитетна меѓусебна соработка на семејството и училиштето позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците.*

Според дадената табела и анализа на податоци се согледува дека најголем број од испитаниците 67 или 83,75 % одговориле со „Да“, т.е. дека навремено и редовно ги информираат родителите на учениците со нивниот успех и постигнувања, се остварува квалитетна меѓусебна соработка и со тоа се влијае врз успехот и развојот на учениците, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 2:** Дали сметате дека во училиштето се применуваат доволно соодветни начини на соработка со родителите?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| ***2. Дали сметате дека во училиштето се применуваат доволно соодветни начини на соработка со родителите?*** | 71 | 88,75 | 4 | 5,00 | 5 | 6,25 | **80** |

***Табела бр. 2: Ставови на наставниот кадар за примена на доволно соодветни начини на соработка со родителите***




***Графикон бр. 2: Ставови на наставниот кадар за примена на доволно соодветни начини на соработка со родителите***

Во однос на ***второто прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 71 или 88,75 % се изјасниле со „Да“, 4 или 5,00 % се изјасниле со „Не“ и 5 или 6,25 % се изјасниле со „Делумно“ за тоа каков е ставот на наставниот кадар за примената на доволно соодветни начини на соработка со семејството/родителите на учениците во училиштето.

Со второто прашање се има тенденција да се согледа квалитетот на начините на соработка со семејствата/родителите на учениците во училиштето.

Второто прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х9: Има повеќе начини во рамките на организациската поставеност на училиштето за остварување на соработка со семејството т.е. родителите на учениците во истото.*

Според дадената табела и анализа на податоци се согледува дека најголем број од испитаниците 71 или 88,75 % одговориле со „Да“, т.е. сметаат дека во училиштето се применуваат соодветни начини на соработка со семејството/родителите на учениците во рамките на организациската поставеност на училиштето, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 3:** Дали навремено и редовно одржувате родителски средби?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | Σ |
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | |
| ***3. Дали навремено и редовно одржувате родителски средби?*** | 78 | 97,50 | 1 | 1,25 | 1 | 1,25 | **80** |

***Табела бр. 3: Ставови на наставниот кадар во однос на навремено и редовно одржување на родителски средби***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството




***Графикон бр. 3: Ставови на наставниот кадар во однос на навремено и редовно одржување на родителски средби***

Во однос на ***третото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 78 или 97,50 % се изјасниле со „Да", 1 или 1,25 % се изјасниле со „Не" и 1 или 1,25 % се изјасниле со „Делумно" за тоа дали навремено и редовно наставниот кадар одржува родителски средби. Со третото прашање се има тенденција да се согледа реалната состојба во училиштата во однос на одржувањето на родителските средби во училиштето како начин на информирање на родителите со сите информации поврзани со учениците и училиштето.

Третото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х1: Во училиштето се реализира квалитетна соработка на сите негови субјекти со семејството т.е. родителите на учениците.*

Според дадената табела и анализа на податоци се согледува дека најголем број од испитаниците 78 или 97,50 % одговориле со „Да", т.е. дека во училиштето редовно се одржуваат родителски средби, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 4:** Дали остварувате контакти со родителите при планирање на воннаставни активности ?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***4.Дали остваруватe контакти со родителите при планирање на воннаставни активности?*** | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | Σ |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | |
| | 76 | 95,00 | 1 | 1,25 | 3 | 3,75 | **80** |

***Табела бр. 4: Ставови на наставниот кадар за остварување на контакти со родителите при планирање на воннаставни активности***




***Графикон бр. 4: Ставови на наставниот кадар за остварување на контакти со родителите при планирање на воннаставни активности***

Во однос на ***четвртото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 76 или 95,00 % се изјасниле со „Да“, 1 или 1,25 % се изјасниле со „Не“ и 3 или 3,75 % се изјасниле со „Делумно“ за тоа дали во текот на планирањето на активностите во областа на воннаставни активности остваруваат соработка со семејствата/родителите на учениците. Со четвртото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку наставниот кадар во училиштата го вклучуваат семејството/родителите на учениците во процесот на планирање на воннаставни активности во текот на конкретната учебна година во училиштето.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Четвртото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х4: Родителите учествуваат во планирање и реализирање на вонаставните активности во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 76 или 95,00 % одговориле со „Да“, т.е. дека во училиштето се остварува континуирана соработка со семејството/родителите на учениците и истите се вклучени во процесот на планирање вонаставни активности, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 5:** Дали одржувате отворен ден за родители во училиштето?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | *Σ* |
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | |
| ***5. Дали одржувате отворен ден за родители во училиштето?*** | 69 | 86,25 | 3 | 3,75 | 8 | 10,00 | **80** |

***Табела бр. 5: Ставови на наставниот кадар за одржување на отворен ден за родители во училиштето***




***Графикон бр. 5: Ставови на наставниот кадар за одржување на отворен ден за родители во училиштето***

Во однос на ***петтото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 69 или 86,25 % се изјасниле со „Да“, 3 или 3,75 % се изјасниле со „Не“ и 8 или 10,00 % се изјасниле со „Делумно“ за

тоа дали во текот на учебната година одржуваат отворен ден за родители. Со петтото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку наставниот кадар реализира отворени денови за семејствата/родителите во училиштето.

Петтото прашање е во согласност со помошната хипотеза Х8: Родителот остварува соработка со стручната служба на училиштето преку советодавно-консултативни разговори и средби.

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 69 или 86,25 % одговориле со „Да", т.е. дека во училиштето се одржуваат отворени денови за родители со цел поголема достапност и реализирање на информативно-консултативни средби со наставниот кадар во училиштето, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 6**: Дали дадените предлози од родителите ги земате предвид во текот на вашата работа?

⇨ **Прашање број 12:** Дали во текот на вашата соработка со родителите се постигнати позитивни ефекти?

⇨ **Прашање број 14:** Дали родителите доброволно и самостојно ви се обраќаат со цел да се надмине некој евентуален проблем кај ученикот?

| ***ПРАШАЊА*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***6.Дали дадените предлози од родителите ги земате предвид во текот на вашата работа?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 72 | 90,00 | 4 | 5,00 | 4 | 5,00 | **80** |
| ***12. Дали во текот на вашата соработка со родителите се постигнати позитивни ефекти?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 77 | 96,25 | 1 | 1,25 | 2 | 2,50 | **80** |
| ***14. Дали родителите доброволно и самостојно ви се обраќаат со цел да се надмине некој евентуален проблем кај ученикот ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 69 | 86,25 | 6 | 7,50 | 5 | 6,25 | **80** |

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

***Табела бр. 6: Ставови на наставниот кадар за прифаќање на предлози од родители, за постигнати позитивни ефекти и самостојното и доброволно обраќање на родителите.***




***Графикон бр. 6**: **Ставови на наставниот кадар за прифаќање на предлози од родители, за постигнати позитивни ефекти и самостојното и доброволно обраќање на родителите***

Во однос на наредното прашање поточно ***шестото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 77 или 90,00 % се изјасниле со „Да“, 4 или 5,00 % се изјасниле со „Не“ и 4 или 5,00 % се изјасниле со „Делумно“ за тоа дали се земаат предвид дадените предлози од страна на родителите на учениците во текот на работата на наставниот кадар во училиштата. Со шестото прашање може да се поврзат дванаесеттото и четиринаесеттото прашање. На овие две прашања исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %.

Во однос на ***дванаесеттото прашање*** од вкупниот број на испитаници 72 или 96,25 % одговориле со „Да“, 1 или 1,25 % од испитаниците одговориле со „Не“ и 2 или 2,25 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно“ за тоа дали во текот на нивната соработка со родителите се постигнати одредени позитивни ефекти. На ***четиринаесеттото прашање*** исто така одговориле сите испитаници односно 80 или 100 %. 69 или 86, 25 % одговориле со „Да“, 6 или 7,50 % од испитаниците одговориле со „Не“ и 5 или 6,25 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно“ за тоа дали родителите доброволно и

самостојно се обраќаат на наставниците со цел да се надмине некој евентуален проблем кај ученикот.

Со овие три прашање т.е. шестото, дванаесеттото и четиринаесеттото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку во процесот на соработка помеѓу наставниот кадар и семејството/родителите на ученикот родителите доброволно се вклучуваат, дали се земаат предвид нивните предлози и дали со тоа се постигнуваат одредени позитивни ефекти.

Шестото, дванаесеттото и четиринаесеттото прашање е во согласност со помошните хипотези *Х2: Родителите се вклучени со свои препораки и сугестии во воспитно-образовниот процес во училиштето и Х10: Родителите имаат позитивен став во однос на потребата од нивна соработка со училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 77 или 90,00 % се изјасниле со „Да“ на шестото прашање и најголем број од испитаниците 72 или 96, 25 % одговориле со „Да“ на дванаесеттото прашање, најголем број од сите испитаници 69 или 86, 25 % одговориле со „Да“ на четиринаесеттото прашање т.е. дадените предлози од родителите се земаат предвид, во текот на соработката со родителите се постигнуваат позитивни ефекти како и дека родителите доброволно и самостојно се обраќаат со цел да се надмине некој евентуален проблем кај ученикот со што горенаведените помошни хипотези ***се потврдуваат***.

⇨ **Прашање број 7:** Дали од родителите од секое одделение има претставници во Советот на родители?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | *Σ* |
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | |
| ***7. Дали од родителите од секое одделение има претставници во Советот за родители?*** | 80 | 100 | / | / | / | / | **80** |

***Табела бр. 7: Ставови на наставниот кадар за претставник во Советот на родители од секое одделение***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството




***Графикон бр. 7: Ставови на наставниот кадар за претставник во Советот на родители од секое одделение***

Во однос на ***седмото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници сите 80 или 100 % одговараат со „Да" за тоа дали од родителите од секое одделение има претставници во Советот на родители.

Со седмото прашање се има тенденција да се согледа дали родителите се вклучени во работата на Советот на родители како орган кој работи во рамките на училиштето.

Седмото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х3: Родителите учествуваат во работата на управниот орган и другите тела во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците, поточно сите 80 или 100 % одговориле со „Да", т.е. дека од редовите на родителите од секое одделение има претставници во Советот на родители, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

➪ **Прашање број 8:** Дали остварувате соработка со родителите на ниво на училишни тимови?

➪ **Прашање број 10:** Дали вклучувате родители во реализација на проекти во училиштето?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***8.Дали остваруvате соработка со родителите на ниво на училишни тимови?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 66 | 82,50 | 4 | 5,00 | 10 | 12,50 | **80** |
| ***10.Дали вклучувате родители во реализација на проекти во училиштето ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 74 | 92,50 | 3 | 3,75 | 3 | 3,75 | **80** |

***Табела бр. 8: Ставови на наставниот кадар за остварување на соработка со родителите на ниво на училишни тимови и вклучување на родители во реализација на проекти во училиштето***




***Графикон бр. 8: Ставови на наставниот кадар за остварување на соработка со родителите на ниво на училишни тимови и вклучување на родители во реализација на проекти во училиштето***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

Во однос на ***осмото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 66 или 82,50 % се изјасниле со „Да“, 4 или 5,00 % се изјасниле со „Не“ и 10 или 12,50 % се изјасниле со „Делумно“ за тоа дали остваруваат соработка со семејствата/родителите на учениците на ниво на училишни тимови. Со осмото прашање може да се поврзе и десеттото прашање. На ***десеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Во однос на десеттото прашање од вкупниот број на испитаници 74 или 92, 50 % одговориле со „Да“, 3 или 3,75 % од испитаниците одговориле со „Не“ и 3 или 3,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно“ за тоа дали семејствата/родителите на учениците се вклучени во реализација на проекти во училиштето.

Со овие две прашање т.е. осмото и десеттото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку во процесот на соработка помеѓу наставниот кадар и семејството/родителите на ученикот се остварува соработка на ниво на училишни тимови и вклучувањето на семејството/родителите во реализација на проекти во училиштето.

Осмото и десеттото прашање се во согласност со помошната хипотеза *Х7: Родителите остваруваат соработка и се вклучени во училишните тимови во училиштето*.

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 66 или 82,50 % се изјасниле со „Да“ на осмото прашање и најголем број од испитаниците 74 или 92,50 % одговориле со „Да“ на десеттото прашање т.е. дека наставниот кадар во текот на својата соработка со семејствата/родителите на учениците истите редовно ги вклучуваат во проектите како и во рамките на работата на училишните тимови со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

➩ **Прашање број 9:** Дали во склоп на вашите годишни програми изработувате програма за соработка со родители?

| ПРАШАЊЕ | ОДГОВОРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДА | | НЕ | | ДЕЛУМНО | | Σ |
| | f | % | f | % | f | % | |
| 9. Дали во склоп на вашите годишни програми изработувате програма за соработка со родители? | 78 | 97,50 | / | / | 2 | 2,50 | **80** |

***Табела бр. 9: Ставови на наставниот кадар за изработка на програма за соработка со родители во склоп на годишните програми за работа***




***Графикон бр. 9: Ставови на наставниот кадар за изработка на програма за соработка со родители во склоп на годишните програми за работа***

Во однос на ***деветтото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 78 или 97,50 % се изјасниле со „Да“, 2 или 2,50 % се изјасниле со „Делумно“ додека никој од испитаниците не се изјаснил со „Не“ за тоа дали во склоп на годишните програми се изработува програма за соработка со родители.

Со деветтото прашање се има тенденција да се согледа дали наставниот кадар во рамките на своите годишни програми за работа изработува и програма за соработка со родители.

### Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Деветтото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х6: Родителите остваруваат соработка со училиштето при планирање на годишната програма на училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 78 или 97,25 % одговориле со „Да", т.е. дека наставниот кадар во рамките на своите годишни програми изработуваат програми за соработка со родители и остваруваат контакт и се земаат предвид мислењата и предлозите на родителите во рамките на изработката на самата годишна програма, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 11:** Сметате ли дека родителите се доволно вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***11. Сметате ли дека родителите се доволно вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 66 | 82,50 | 6 | 7,50 | 8 | 10,00 | **80** |

***Табела бр. 10: Ставови на наставниот кадар за вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес во училиштето***




***Графикон бр. 10: Ставови на наставниот кадар за вклученоста на родителите во воспитно-образовниот процес во училиштето***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

Во однос на ***единаесеттото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 66 или 82,50 % се изјасниле со „Да“, 6 или 7,50 % се изјасниле со „Не“ и 8 или 10,00 % од испитаниците се изјасниле со „Не“ за тоа каков е ставот на наставниот кадар во однос на вклученоста на семејствата/родителите на учениците во воспитно-образовниот процес во училиштето.

Со единаесеттото прашање се има тенденција да се согледа дали наставниот кадар во училиштата смета дека е доволна вклученоста на семејствата/родителите на учениците во воспитно-образованиот процес.

Единаесеттото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х1: Во училиштето се реализира квалитетна соработка на сите негови субјекти со семејството т.е. родителите на учениците.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 66 или 82,50 % одговориле со „Да“, т.е. дека наставниот кадар смета дека семејството/родителите на учениците е доволно вклучено во воспитно-образовниот процес во училиштето каде што учениците ја следат наставата, а со самото тоа и самата соработка има висок квалитет, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 13:** Дали на почеток на секоја учебна година ги информирате и вклучувате родителите за наставниот план и програма за работа?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***13. Дали на почеток на секоја учебна година ги информирате и вклучувате родителите за наставниот план и програма за работа?*** | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | Σ |
| | ***f*** | *%* | ***f*** | *%* | ***f*** | *%* | |
| | 72 | 90,00 | 1 | 1,25 | 7 | 8,75 | **80** |

***Табела бр. 11: Ставови на наставниот кадар за информирање и вклучување на родителите за наставниот план и програма за работа***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството




***Графикон бр. 11: Ставови на наставниот кадар за информирање и вклучување на родителите за наставниот план и програма за работа***

Во однос на ***тринаесеттото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 72 или 90,00 % се изјасниле со „Да“, 1 или 1,25 % се изјасниле со „Не“ и 7 или 8, 75 % од испитаниците се изјасниле со „Не“ за тоа дали на почеток на секоја учебна година ги информираат семејствата/родителите на учениците за наставниот план и програма кој ќе се реализира во тековната учебна година како и за тоа дали семејството/родителите се вклучуваат во рамките на планирањето и изработката на наставниот план и програма за работа.

Со тринаесеттото прашање се има тенденција да се согледа дали во рамките на планирањето на наставниот план и програма активно учество земаат семејството/родителите на учениците и дали навремено на самиот почеток на тековната учебна година истите се информираат.

Тринаесеттото прашање исто така е во согласност со помошната хипотеза *Х9: Има повеќе начини во рамките на организациската поставеност на училиштето за остварување на соработка со семејството т.е. родителите на учениците во истото.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 72 или 90,00 % одговориле со „Да“, т.е. дека наставниот кадар ги информира навремено родителите како и дека истите се вклучени во рамките на планот и спроведувањето на наставниот план и програма, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета наменета за семејствата/родителите

Со цел да се согледа состојбата од перспектива на семејствата на учениците во истражувањето вклучени се и родители/старатели од сите училишта каде што се спроведува истражувањето. Вклучени се по 20 родители од секое основно училиште чиишто деца се ученици во истото од прво до деветто одделение.

Родителите се вклучени со цел да се види колку училиштето, односно сите негови структури остваруваат соработка со семејствата/родителите на учениците.

Добиените резултати се анализирани и обработени и истите се интерпретирани табеларно и графички, преку фреквенција ***(f)*** и процент ***(%)***.

⇨ **Прашање број 1:** Дали сте задоволни од организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со вас?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***1. Дали сте задоволни од организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со вас ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 69 | 86,25 | 6 | 7,50 | 5 | 6,25 | **80** |

***Табела бр. 12: Ставовите на родителите/старателите во однос на организациската поставеност на училиштето и соработката со нив***




***Графикон бр. 12: Ставовите на родителите/старателите во однос на организациската поставеност на училиштето и соработката со нив***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Според добиените одговори на ***првото прашање*** одговараат сите испитаници 80 или 100 %, од кои 69 или 86,25 % се изјасниле со „Да“, 6 или 7,50 % се изјасниле со „Не“ и 5 или 6,25 % се изјасниле со „Делумно“ за тоа дали се задоволни од самата организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со нив како родители. Со првото прашање се има тенденција да се согледа дали семејството/родителите на учениците се задоволни  во однос на самата организациска поставеност на училиштата при соработката со нив.

Првото  прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х10: Родителите имаат позитивен став во однос на потребата од нивна соработка со училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 69 или 86,25 % одговориле со „Да“, т.е. сметаат  дека во училиштата каде што нивните деца го остваруваат воспитно-образовниот процес се задоволни од организациската поставеност на  училиштето во однос на соработката со нив, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање  број 2:** Дали сметате дека училиштето има доволно начини на соработка со родителите?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | Σ |
| | ***f*** | *%* | ***f*** | *%* | ***f*** | *%* | |
| ***2. Дали сметате дека училиштето има доволно начини на соработка со родителите?*** | 70 | 87,50 | 4 | 5,00 | 6 | 7,50 | **80** |

***Табела бр. 13: Ставовите на родителите/старателите  за начините на соработка  на училиштето***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството




***Графикон бр. 13: Ставовите на родителите/старателите за начините на соработка на училиштето***

Според добиените одговори на ***второто прашање*** одговараат сите испитаници 80 или 100 %, од кои 70 или 87,50 % се изјасниле со „Да“, 4 или 5,00 % се изјасниле со „Не“ и 6 или 7,50 % се изјасниле со „Делумно“ во однос на нивниот став за доволниот број на начини на соработка со родителите.

Со второто прашање се има тенденција да се согледа дали семејството/родителите на учениците сметаат дека училиштето во кое учат нивните деца имаат доволен број на начини на соработка со родителите.

Второто прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х9: Има повеќе начини во рамките на организациската поставеност на училиштето за остварување на соработка со семејството т.е. родителите на учениците во истото.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 70 или 87,50 % одговориле со „Да“, т.е. родителите сметаат дека во училиштата каде што нивните деца го остваруваат воспитно-образовниот процес постојат доволен број на начини за нивна соработка, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 3:** Дали вие како родител сте вклучени во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето со ваши препораки и сугестии?

⇨ **Прашање број 4:** Дали вие како родител сте вклучени во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето?

| *ПРАШАЊА* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***3. Дали вие како родител сте вклучени во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето со ваши препораки и сугестии?*** | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | Σ |
| | ***f*** | % | ***f*** | % | ***f*** | % | |
| | 63 | 81,25 | 1 | 1,25 | 4 | 5,00 | **80** |
| ***4. Дали вие како родител сте вклучени во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето?*** | **ДА** | | **НЕ** | | **ДЕЛУМНО** | | Σ |
| | **f** | % | **f** | % | **f** | % | |
| | 65 | 78,77 | 8 | 10,00 | 9 | 11,25 | **80** |

***Табела бр. 14: Ставовите на родителите/старателите за нивна вклученост во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето и нивната вклученост во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**




***Графикон бр. 14: Ставовите на родителите/старателите за нивна вклученост во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето и нивната вклученост во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето***

Во однос на ***третото прашање*** одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 63 или 81,25 % се изјасниле со „Да“, 1 или 1,25 % се изјасниле со „Не“ и 4 или 5,00 % се изјасниле со „Делумно“, за тоа дали како родители се вклучени во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето со нивни препораки и сугестии. На ***четвртото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 65 или 78,77 % одговориле со „Да“, 8 или 10,00 % од испитаниците одговориле со „Не“ и 9 или 11,25 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно“ за тоа дали семејствата/родителите на учениците се вклучени во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето.

Со овие две прашање т.е. третото и четвртото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку во процесот на соработка дали родителите како активни субјекти се вклучени во процесот на изработка на годишните програми во училиштата како и во изработката на програмата за екскурзии.

Третото и четвртото прашање се во согласност со помошната хипотеза: *Х6: Родителите остваруваат соработка со училиштето при планирање на годишната програма на училиштето.*

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 63 или 81,25 % се изјасниле со „Да“ на третото прашање и најголем број од испитаниците 65 или 78, 77 % одговориле со „Да“ на четвртото прашање т.е. дека наставниот кадар во текот на својата соработка со семејствата/родителите на учениците истите редовно ги вклучуваат во изработката на годишните програми за работа на училиштето како и во изработка на програмата за екскурзии на училиштето со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 5:** Дали сте вклучени во процесот на планирање на воннаставни активности во училиштето?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***5. Дали сте вклучени во процесот на планирање на воннаставни активности во училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 77 | 96,25 | 1 | 1,25 | 2 | 2,50 | **80** |

***Табела бр. 15: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во процесот на планирање на воннаставни активности во училиштето***




***Графикон бр. 15: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во процесот на планирање на воннаставни активности во училиштето***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

Според добиените одговори на ***петтото прашање*** одговараат сите испитаници 80 или 100 %, од кои 77 или 96,25 % се изјасниле со „Да“, 1 или 1,25 % се изјасниле со „Не“ и 2 или 2,50 % се изјасниле со „Делумно“ во однос на нивниот став за нивно вклучување во процесот на планирање на воннаставни активности.

Со петтото прашање се има тенденција да се согледа ставот на семејството/ родителите на учениците во однос на нивната вклученост во планирање на воннаставните активности во училиштето.

Петтото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х4: Родителите учествуваат во планирање и реализирање на вонаставните активности во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 77 или 96,25 % одговориле со „Да“, т.е. родителите сметаат дека во училиштата тие се вклучени во процесот на планирање на вонаставните активности, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 6:** Дали родителите се вклучени во составот и работата на управниот орган на училиштето т.е. Училиштен одбор?

⇨ **Прашање број 7:** Дали во училиштето функционира Советот на родители?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***6. Дали родителите се вклучени во составот и работата на управниот орган на училиштето т.е. Училиштен одбор?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 79 | 98,75 | / | / | 1 | 1,25 | **80** |
| ***7. Дали во училиштето функционира Советот на родители?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 80 | 100 | / | / | / | / | **80** |

***Табела бр. 16: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот и работата на управниот орган и функционирањето на Советот на родители***




***Графикон бр. 16: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот и работата на управниот орган и функционирањето на Советот на родители***

Во однос на ***шестото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 79 или 98,75 % се изјасниле со „Да", 1 или 1,25 % се изјасниле со „Делумно" додека никој од вкупниот број на испитаници не се изјасниле со „Не", за тоа дали родителите се вклучени во составот и работата на управниот орган на училиштето т.е. Училиштен одбор. На седмото прашање исто така одговараат сите испитаници односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници сите 80 или 100 % одговориле со „Да", додека никој од испитаниците не се изјасниле со „Не" и „Делумно" за тоа дали во училиштето функционира Советот на родители.

Со овие две прашање т.е. шестото и седмото прашање се има тенденција да се согледа вклученоста на родителите во органите на училиштето, односно во училишниот одбор и советот на родителите. Шестото и седмото прашање се во согласност со помошната хипотеза *Х3: Родителите учествуваат во работата на управниот орган и другите тела во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 79 или 98,75 % се изјасниле со „Да" на шестото прашање и сите испитаници 80 или 100 % одговориле со „Да" на седмото прашање т.е.

родителите се вклучени како активни субјекти и учествуваат во работата на управниот орган како и Советот на родители како тела во училиштето со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 8:** Дали родителите се вклучени во составот на училишните тимови на училиштето?

⇨ **Прашање број 12:** Дали сметате дека родителите се доволно вклучени во реализација на проекти во училиштето?

| ***ПРАШАЊА*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| ***8. Дали родителите се вклучени во составот на училишните тимови на училиштето ?*** | 64 | 80,00 | 8 | 10,00 | 8 | 10.00 | **80** |
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| ***12. Дали сметате дека родителите се доволно вклучени во реализација на проекти во училиштето?*** | 71 | 88,75 | 2 | 2,50 | 7 | 8,75 | **80** |

***Табела бр. 17: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот на училишните тимови и во реализација на проекти во училиштето***




***Графикон бр. 17: Ставовите на родителите/старателите за нивната вклученост во составот на училишните тимови и во реализација на проекти во училиштето***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

Во однос на ***осмото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 64 или 80,00 % се изјасниле со „Да“, 8 или 10,00 % се изјасниле со „Не“ и 8 или 10,00 % се изјасниле со „Делумно“, за тоа дали родителите се вклучени во составот на училишните тимови на училиштето. На ***дванаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 71 или 88,75 % одговориле со „Да“, 2 или 2,50 % од испитаниците одговориле со „Не“ и 7 или 8,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно“ за тоа дали родителите се доволно вклучени во реализација на проекти во училиштето.

Со овие две прашање т.е. осмото и дванаесеттото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку родителите се вклучуваат во училишните тимови како и во реализација на проекти во училиштето како начини на меѓусебна соработка.

Осмото и дванаесеттото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х7: Родителите остваруваат соработка и се вклучени во училишните тимови во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 64 или 80,00 % се изјасниле со „Да“ на осмото прашање и најголем број од испитаниците 71 или 88,75 % одговориле со „Да“ на дванаесеттото прашање т.е. сметаат дека има високо ниво на вклученост на семејството/родителите на учениците во работата на тимовите во училиштето како и во реализацијата на проекти во училиштето со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 9:** Дали вие како родител сте навремено и целосно информирани за успехот и постигнувањата на вашето дете?

⇨ **Прашање број 13:** Дали сметате дека сте доволно вклучени во воспитно-образовниот процес на вашите деца?

⇨ **Прашање број 14:** Дали сметате дека има позитивни ефекти од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето?

⇨ **Прашање број 15:** Дали сметате дека постои влијание на соработката на родителите со сите субјекти во училиштето врз успехот на учениците?

⇨ **Прашање број 18:** Дали сметате дека има позитивно влијание од советодавно-консултативните разговори со родителите врз успехот на учениците?

⇨ **Прашање број 19:** Дали според вас училиштето со континуирана соработка со родителите има влијание врз вашиот однос кон детето и стиловите на родителство?

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

| ПРАШАЊА | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***9. Дали родителите се вклучени во составот на училишните тимови на училиштето ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 77 | 96,25 | 1 | 1,25 | 2 | 2,50 | **80** |
| ***13. Дали сметате дека родителите се доволно вклучени во реализација на проекти во училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 74 | 92,50 | 3 | 3,75 | 3 | 3,75 | **80** |
| ***14. Дали сметате дека има позитивни ефекти од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 71 | 88,75 | 2 | 2,50 | 7 | 8,75 | **80** |
| ***15. Дали сметате дека постои влијание на соработката на родителите со сите субјекти во училиштето врз успехот на учениците?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 69 | 86,25 | 4 | 5,00 | 7 | 8,75 | **80** |
| ***18. Дали сметате дека има позитивно влијание од советодавно-консултативните разговори со родителите врз успехот на учениците?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 72 | 90 | 2 | 2,50 | 6 | 7,50 | **80** |
| ***19. Дали според вас училиштето со континуирана соработка со родителите има влијание врз вашиот однос кон детето и стиловите на родителство?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 67 | 83,75 | 6 | 7,50 | 7 | 8,75 | **80** |

***Табела бр. 18: Ставовите на родителите/старателите за навремено и целосно информирање за успехот и постигнувањата на нивното дете, нивната вклученост во воспитно-образовниот процес, ефектот и влијанието од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето.***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**




***Графикон Бр. 18: Ставовите на родителите/старателите за навремено и целосно информирање за успехот и постигнувањата на нивното дете, нивната вклученост во воспитно-образовниот процес, ефектот и влијанието од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето.***

Во продолжение се обработени податоците на шест прашања кои помеѓу себе имаат одредена поврзаност. Во однос на ***деветтото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 77 или 96,25 % се изјасниле со „Да“, 1 или 1,25 % се изјасниле со „Не“ и 2 или 2,50 % се изјасниле со „Делумно“, за тоа дали родителите се навремено и целосно информирани за успехот и постигнувањата на нивното дете.

На ***тринаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 74 или 92,50 % одговориле со „Да“, 3 или 3,75 % од испитаниците одговориле со „Не“ и 3 или 3,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно“ за тоа дали семејството/родителите се доволно вклучени во воспитно-образовниот процес на нивните деца.

На ***четиринаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 71 или 88,75

% одговориле со „Да", 2 или 2,50 % од испитаниците одговориле со „Не" и 7 или 8,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за тоа дали има позитивни ефекти од реализирање на соработката помеѓу семејството/родителите на учениците и училиштето.

На ***петнаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 69 или 86,25 % одговориле со „Да", 4 или 5,00 % од испитаниците одговориле со „Не" и 7 или 8,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за тоа дали постои влијание на соработката на семејството/родителите со сите субјекти во училиштето врз успехот на учениците.

На ***осумнаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 72 или 90,00 % одговориле со „Да", 2 или 2,50 % од испитаниците одговориле со „Не" и 6 или 7,50 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за тоа дали има позитивно влијание од советодавно-консултативните разговори со семејството/родителите врз успехот на учениците.

На ***деветнаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 67 или 83,75 % одговориле со „Да", 6 или 7,50 % од испитаниците одговориле со „Не" и 7 или 8,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за тоа дали училиштето со континуирана соработка со семејството/родителите има влијание врз односот кон детето и стиловите на родителство.

Со овие шест прашање се има тенденција да се согледа информираноста и вклученоста на семејството/родителите за успехот на нивните деца како и колкаво позитивно влијание има од реализирање на соработката помеѓу семејството/родителите на учениците и училиштето, од советодавно-консултативните разговори со семејството/родителите врз успехот на учениците како и дали континуирана соработка со родителите има влијание врз односот кон детето и стиловите на родителство.

Овие прашања се во согласност со помошната хипотеза *Х5: Со квалитетна меѓусебна соработка на семејството и училиштето позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците на сите прашања се определиле за „Да" како

одговор. Поточно 77 или 96,25 % се изјасниле со „Да“ на деветтото прашање и најголем број од испитаниците 74 или 92,50 % одговориле со „Да“ на тринаесеттото прашање, 71 или 88,75 % се изјасниле со „Да“ на четиринаесеттото прашање, 69 или 86,25 % се изјасниле со „Да“ на петнаесеттото прашање, 72 или 90,00 % се изјасниле со „Да“ на осумнаесеттото прашање и 67 или 83,75 % се изјасниле со „Да“ на деветнаесеттото прашање т.е. сметаат дека семејството/родителите се навремено и целосно информирани за успехот на нивните деца, вклучени се во воспиттно-образовниот процес како активни субјекти и со тоа има позитивно влијание врз нивните деца како преку советодавно-консултативните разговори така и врз нивниот однос кон детето и стиловите на родителство, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 16:**Дали сметате дека вашите препораки и сугестии се прифатени од страна на раководниот орган на училиштето?

⇨ **Прашање број 17:** Дали сметате дека е квалитетна вашата соработка со училиштето?

| ПРАШАЊА | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***16. Дали сметате дека вашите препораки и сугестии се прифатени од страна на раководниот орган на училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 74 | 92,50 | 1 | 1,25 | 5 | 6,25 | **80** |
| ***17. Дали сметате дека е квалитетна вашата соработка со училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | Σ |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 75 | 93,75 | 2 | 2,50 | 3 | 3,75 | **80** |

***Табела бр. 19: Ставовите на родителите/старателите за прифатеноста на нивните препораки и сугестии од страна на раководниот орган на училиштето и за квалитетот на нивната соработка***




***Графикон бр. 19: Ставовите на родителите/старателите за прифатеноста на нивните препораки и сугестии од страна на раководниот орган на училиштето и за квалитетот на нивната соработка***

Во однос на ***шеснаесеттото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 74 или 92,50 % се изјасниле со „Да", 1 или 1,25% се изјасниле со „Не" и 5 или 6,25% се изјасниле со „Делумно", за тоа каков е нивниот став во однос на тоа дали нивните препораки и сугестии се прифатени од страна на раководниот орган на училиштето. На ***седумнаесеттото прашање*** исто така одговараат сите испитаници, односно 80 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 75 или 93,77 % одговориле со „Да", 2 или 2,50 % од испитаниците одговориле со „Не" и 3 или 3,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за нивниот став во однос на квалитетот на соработката со училиштето.

Со овие две прашање т.е. шеснаесеттото и седумнаесеттото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку препораките и сугестиите на родителите се прифатени од страна на раководниот орган на училиштето како и квалитетот на нивната меѓусебна соработка.

Шеснаесеттото и седумнаесеттото прашање се во согласност со помошната хипотеза *Х2:Родителите се вклучени со свои препораки и сугестии во воспитно-образовниот процес во училиштето*.

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 74 или 92,50 % се изјасниле со „Да" на шеснаесеттото

прашање и најголем број од испитаниците 75 или 93,77 % одговориле со „Да“ на седумнаесеттото прашање т.е. дека родителите се вклучени со свои препораки и сугестии во воспитно-образовниот процес во училиштето со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 10:** Дали вие како родител имате соработка со стручната служба на училиштето?

| **ПРАШАЊЕ** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***10. Дали вие како родител имате соработка со стручната служба на училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | |
| | 70 | 87,50 | 3 | 3,75 | 7 | 8,75 | **60** |

***Табела бр. 20: Ставовите на родителите/старателите за нивната соработка со стручната служба на училиштето***




***Графикон бр. 20: Ставовите на родителите/старателите за нивната соработка со стручната служба на училиштето***

Според добиените одговори на ***десеттото прашање*** одговараат сите испитаници 80 или 100 % од кои 70 или 87,50 % се изјасниле со „Да“, 3 или 3,75 % се изјасниле со „Не“ и 7 или 8,75 % се изјасниле со „Делумно“ во однос на нивната соработка како семејство/родители со стручната служба во училиштето.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Со десеттото прашање се има тенденција да се согледа ставот на семејството/родителите во однос на соработката со стручната служба на училиштето.

Десеттото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х8: Родителот остварува соработка со стручната служба на училиштето преку советодавно-консултативни разговори и средби.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 70 или 87,50 % одговориле со „Да“, т.е. семејството/родителите сметаат дека во училиштата каде што нивните деца го остваруваат воспитно-образовниот процес се остварува редовна и успешна соработка помеѓу родителите и стручната служба на училиштето, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 11:** Дали сметате дека доволно се реализираат отворени денови за родители во училиштето?

| ПРАШАЊЕ | ОДГОВОРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДА | | НЕ | | ДЕЛУМНО | | Σ |
| | f | % | f | % | f | % | |
| ***11. Дали сметате дека доволно се реализираат отворени денови за родители во училиштето?*** | 62 | 77,50 | 9 | 11,25 | 9 | 11,25 | **80** |

***Табела бр. 21: Ставовите на родителите/старателите за реализираноста на отворени денови за родители во училиштето***




***Графикон бр. 21: Ставовите на родителите/старателите за реализираноста на отворени денови за родители во училиштето***

Според добиените одговори на ***единаесеттото прашање*** одговараат сите испитаници 80 или 100 % од кои 62 или 77,50 % се изјасниле со „Да“, 9 или 11,25 % се изјасниле со „Не“ и 9 или 11,25 % се изјасниле со „Делумно“ во однос на нивниот став за реализацијата на отворени денови во училиштето.

Со единаесеттото прашање се има тенденција да се согледа ставот на семејството/родителите за тоа дали се реализираат доволно отворени денови за родителите во училиштето.

Единаесеттото прашање е во согласност со помошната хипотеза *X1: Во училиштето се реализира квалитетна соработка на сите негови субјекти со семејството т.е. родителите на учениците.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 62 или 77,50 % одговориле со „Да“, т.е. семејството/родителите сметаат дека во училиштата каде што нивните деца го остваруваат воспитно-образовниот процес постојат доволен број на отворени денови, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува.***

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите од анкета наменета за стручната служба во училиштето

Третиот анкетен лист е наменет за стручните служби во училиштата, истата во состав од педагози, психолози и специјални едукатори и рехабилитатори.

Во прилог следуваат обработените резултати и нивната анализа и интерпретација преку табеларна и графичка обработка, со пресметување на фреквенција ***(f)*** и процент ***(%)***.

⇨ **Прашање број 1:** Дали вие како стручна служба во училиштето сметате дека се остварува квалитетна соработка со родителите?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***∑*** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| **1. *Дали вие како стручна служба во училиштето сметате дека се остварува квалитетна соработка со родителите?*** | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 22: Ставот на стручните соработници за квалитетот соработка на со родителите во училиштето***




***Графикон бр. 22: Ставот на стручните соработници за квалитетот на соработка со родителите во училиштето***

Според добиените одговори на ***првото прашање*** одговараат сите испитаници 11 или 100 % од кои 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да“ и 1 или 9,09 % се изјасниле со „Делумно“ во однос на ставот на стручната служба за квалитетот на соработката со родителите.

Со првото прашање се има тенденција да се согледа ставот на стручната служба за остварување на квалитетна соработка со родителите.

Првото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х1: Во училиштето се реализира квалитетна соработка на сите негови субјекти со семејството т.е. родителите на учениците.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 10 или 90,91 % одговориле со „Да“, т.е. стручната служба на училиштата смета дека се остварува квалитетна соработка со родителите на учениците во училиштата, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 2:** Дали реализирате советување на родители во училиштето?

⇨ **Прашање број 3:** Дали реализирате советодавно-консултативни разговори со родителите?

| ***ПРАШАЊА*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***2. Дали реализирате советување на родители во училиштето?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **∑** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 11 | 100 | / | / | / | / | **11** |
| ***3. Дали реализирате советодавно-консултативни разговори со родителите?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **∑** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 11 | 100 | / | / | / | / | **11** |

***Табела бр. 23: Ставот на стручните соработници за реализирање на советување и советодавно-консултативни разговори со родителите***




***Графикон бр. 23: Ставот на стручните соработници за реализирање на советување и советодавно-консултативни разговори со родителите***

Во однос на ***второто прашање*** одговараат сите испитаници, односно 11 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да“ во однос на реализирање на советување со родители. На ***третото прашање*** исто така одговараат сите испитаници односно 11 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да“ во однос на реализирањето на советодавно-консултативни разговори со родителите.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Со овие две прашања т.е. второто и третото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку се реализира законски предвиденото советување со родители како и реализацијата на советодавно-консултативните разговори со родителите.

Второто и третото прашање се во согласност со помошната хипотеза *Х8: Родителот остварува соработка со стручната служба на училиштето преку советодавно-консултативни разговори и средби.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците, односно сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да" на двете прашање т.е. дека се остварува редовна и квалитетна соработка со стручната служба на училиштето со родителите преку советување и советодавно-консултативни разговори и средби со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 4:** Дали реализирате предавања и работилници на стручни теми за родителите ?

⇨ **Прашање број 12:** Дали одржувате средби и предавања со родителите за професионалниот развој на учениците, односно за нивното понатамошно образование?

| ***ПРАШАЊА*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***4. Дали реализирате предавања и работилници на стручни теми за родителите ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |
| ***12. Дали одржувате средби и предавања со родителите за професионалниот развој на учениците, односно за нивното понатамошно образование?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 24: Ставот на стручните соработници за реализирање на предавања и работилници на стручни теми за родителите и предавања за професионалниот развој на учениците, односно за нивното понатамошно образование***




***Графикон бр. 24: Ставот на стручните соработници за реализирање на предавања и работилници на стручни теми за родителите и предавања за професионалниот развој на учениците, односно за нивното понатамошно образование***

Во однос на ***четвртото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 11 или 100%. Од вкупниот број на испитаници 10 или 90,91% се изјасниле со „Да“ и 1 или 9,09% се изјасниле со „Делумно“, додека никој од испитаниците не се изјасниле со „Не“ во однос на реализирањето на предавање и работилници на стручни теми за родителите. На ***дванаесеттото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 11 или 100 %. Анализата на одговорите е идентична со одговорите на четвртото прашање, односно исто така одговараат сите испитаници. Од вкупниот број на испитаници 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да“ и 1 или 9,09 % се изјасниле со „Делумно“, додека никој од испитаниците не се изјасниле со „Не“ во однос на предавање и средби за професионален развој на учениците.

Со овие две прашања т.е. четвртото и дванаесеттото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку стручната служба во училиштата реализира предавања, работилници и средби како за стручни теми наменети за родителите така и за професионална ориентација на учениците.

Четвртото и дванаесеттото прашање се во согласност со помошната хипотеза *Х9: Има повеќе начини во рамките на организациската поставеност на училиштето за остварување на соработка со семејството т.е. родителите на учениците во истото.*

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците, односно сите 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да" на двете прашање т.е. дека се реализираат предавања, работилници и средби како за стручни теми наменети за родителите така и за професионална ориентација на учениците и се остварува соработка со родителите на повеќе начини во организациската поставеност на училиштето со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 5:** Дали сметате дека во вашето училиште раководното тело овозможува квалитетна и континуирана соработка со родителите?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| ***5. Дали сметате дека во вашето училиште раководното тело овозможува квалитетна и континуирана соработка со родителите?*** | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 25: Ставот на стручните соработници за овозможување на квалитетна и континуирана соработка со родителите од страна на раководното тело***




***Графикон бр. 25: Ставот на стручните соработници за овозможување на квалитетна и континуирана соработка со родителите од страна на раководното тело***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Според добиените одговори на ***петтото прашање*** одговараат сите испитаници 11 или 100 % од кои 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да" и 1 или 9,09 % се изјасниле со „Делумно", додека никој од испитаниците не се изјасниле со „Не", во однос на овозможувањето на квалитетна и континуирана соработка со родителите.

Со петтото прашање се има тенденција да се согледа ставот на стручната служба за можноста која ја дава раководното тело за квалитетна и континуирана соработка со родителите.

Петтото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х10: Родителите имаат позитивен став во однос на потребата од нивна соработка со училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 10 или 90,91 % одговориле со „Да", т.е. стручната служба на училиштата смета дека се остварува квалитетна соработка со родителите на учениците во училиштата, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 6:** Дали родителите се вклучени во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училиштето?

| *ПРАШАЊЕ* | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *ДА* | | *НЕ* | | *ДЕЛУМНО* | | Σ |
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* | |
| ***6. Дали родителите се вклучени во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училиштето ?*** | 9 | 90,91 | 1 | 9,09 | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 26 Ставот на стручните соработници за вклученоста на родителите во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училиштето***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството




***Графикон бр. 26: Ставот на стручните соработници за вклученоста на родителите во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училиштето?***

Според добиените одговори на ***шестото прашање*** одговараат сите испитаници 11 или 100 % од кои 9 или 81,82% се изјасниле со „Да“ и 1 или 9,09 % се изјасниле со „Не“ и исто толкав број на испитаници се изјасниле „Делумно“ во однос на вклученоста на родителите во изработката и планирањето на годишните програми во училиштето.

Со шестото прашање се има тенденција да се согледа ставот на стручната служба за вклученоста на родителите во изработката и планирањето на годишните програми во училиштето.

Шестото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х6: Родителите остваруваат соработка со училиштето при планирање на годишната програма на училиштето*.

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 9 или 81,82 % одговориле со „Да“, т.е. стручната служба на училиштата смета дека родителите се активно вклучени во изработката и планирањето на годишните програми во училиштето, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува.***

⇨ **Прашање број 7:** Дали  се одржуваат редовни состаноци на Советот на родители?

| ПРАШАЊЕ | ОДГОВОРИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Дали се одржуваат редовни состаноци на Советот на родители? | ДА | | НЕ | | ДЕЛУМНО | | Σ |
| | f | % | f | % | f | % | |
| | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 27: Ставот на стручните соработници  за одржување на  редовни состаноци на Советот на родители***




***Графикон бр. 27: Ставот на стручните соработници  за одржување на редовни состаноци на Советот на родители***

Според добиените  одговори на ***седмото прашање*** одговараат сите испитаници 11 или 100 % од кои 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да“ и 1 или 9,09 %  се изјасниле со „Делумно“,  додека никој од испитаниците не се изјаснил со „Не“,  во однос на вклученоста на родителите во работата на управниот орган и другите тела во училиштето.

Со седмото прашање се има тенденција да се согледа ставот на стручната служба за вклученоста на родителите во работата на телата во училиштето.

Седмото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х3: Родителите учествуваат во работата на управниот орган и другите тела во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 10 или 90,91 % одговориле со „Да“, т.е. стручната служба

на училиштата смета дека родителите се активно вклучени работата на телата на училиштата, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 8:** Дали кога училиштето учествува во одредени проекти ги вклучувате и родителите?

| ***ПРАШАЊЕ*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***8. Дали кога училиштето учествува во одредени проекти ги вклучувате и родителите ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | |
| | 8 | 72,73 | 1 | 9,09 | 2 | 18,18 | **11** |

***Табела бр. 28: Ставот на стручните соработници за учеството на родителите во одредени проекти***




***Графикон бр. 28: Ставот на стручните соработници за учеството на родителите во одредени проекти***

Според добиените одговори на ***осмото прашање*** одговараат сите испитаници 11 или 100 % од кои 8 или 72,73 % се изјасниле со „Да“ и 1 или 9,09 % се изјасниле со „Не“, 2 или 18,18 % од испитаниците се изјасниле со „Делумно“, во однос на вклученоста на родителите во реализација на проекти во училиштето.

Со осмото прашање се има тенденција да се согледа ставот на стручната служба за вклученоста на родителите во реализација на проекти во училиштето.

Осмото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х7: Родителите остваруваат соработка и се вклучени во училишните тимови во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците 8 или 72,73 % одговориле со „Да“, т.е. стручната служба на училиштата смета дека родителите се активно вклучени во реализација на проекти во училиштето, со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 9:** Дали сметате дека родителите во училиштето се навремено информирани за сите новини во воспитно-образовниот процес?

⇨ **Прашање број 10:** Дали сметате дека доволно се одржуваат отворени денови за родителите во училиштето?

| ПРАШАЊА | *ОДГОВОРИ* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***9. Дали сметате дека родителите во училиштето се навремено информирани за сите новини во воспитно-образовниот процес ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 11 | 100 | / | / | / | / | **11** |
| ***10. Дали сметате дека доволно се одржуваат отворени денови за родителите во училиштето ?*** | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | **Σ** |
| | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 29: Ставот на стручните соработници за навремено информирање на родителите за сите новини во воспитно-образовниот процес и за одржување на отворени денови***

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**




***Графикон бр. 29: Ставот на стручните соработници за навремено информирање на родителите за сите новини во воспитно-образовниот процес и за одржување на отворени денови***

Во однос на ***деветтото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 11 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да" во однос на навременото информирање на родителите за сите новини во воспитно-образовниот процес. На ***десеттото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 11 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да" и 1 или 9,09 % се изјасниле со „Делумно" додека никој од испитаниците не се изјасниле со „Не" во однос на одржување на отворени денови за родителите во училиштето.

Со овие две прашање т.е. деветтото и десеттото прашање се има тенденција да се согледа дали и колку стручната служба е вклучена и каков е нејзиниот став во однос на информирање на родителите за сите новини во воспитно-образовниот процес како и за реализирање отворени денови за родители во училиштата.

Деветтото и десеттото прашање е во согласност со помошната хипотеза *Х2: Родителите се вклучени со свои препораки и сугестии во воспитно-образовниот процес во училиштето.*

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците, односно сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да" на деветтото прашање, најголем број од испитаниците 10 или 90,91 % се изјасниле со „Да" на десеттото прашање т.е. дека родителите во училиштето се навремено информирани за сите новини во воспитно-образовниот процес и се реализираат

доволно отворени денови во училиштето со што горенаведената помошна хипотеза ***се потврдува***.

⇨ **Прашање број 11:** Дали водите евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби?

⇨ **Прашање број 13:** Дали се планираат начините на соработка со родителите?

⇨ **Прашање број 14:** Дали сметате дека со квалитетна соработка на училиштето со родителите се постигнува подобар успех и постигнувања кај учениците?

| ***ПРАШАЊА*** | ***ОДГОВОРИ*** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| ***11. Дали водите евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби?*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 11 | 100 | / | / | / | / | **11** |
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| ***13. Дали се планираат начините на соработка со родителите?*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |
| | ***ДА*** | | ***НЕ*** | | ***ДЕЛУМНО*** | | ***Σ*** |
| ***14. Дали сметате дека со квалитетна соработка на училиштето со родителите се постигнува подобар успех и постигнувања кај учениците?*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | ***f*** | ***%*** | |
| | 10 | 90,91 | / | / | 1 | 9,09 | **11** |

***Табела бр. 30: Ставот на стручните соработници за водење евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби, планирање на начините на соработка со родителите и за постигнувања кај учениците***

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството




***Графикон бр. 30: Ставот на стручните соработници за водење евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби, планирање на начините на соработка со родителите и за постигнувања кај учениците***

Во однос на ***единаесеттото прашање*** одговараат сите испитаници, односно 11 или 100 %. Од вкупниот број на испитаници сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да" за тоа дали се води евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби. Со единаесеттото прашање може да се поврзат тринаесеттото и четиринаесеттото прашање. На овие две прашања одговараат сите испитаници, односно 11 или 100%. Во однос на ***тринаесеттото прашање*** од вкупниот број на испитаници 10 или 90, 91 % одговориле со „Да" и 1 или 9,09 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за тоа дали се планираат начините на соработка со родителите. На ***четиринаесеттото прашање*** одговориле сите испитаници, односно 11 или 100 %. од вкупниот број на испитаници 10 или 90, 91 % одговориле со „Да" и 1 или 9,09 % од вкупниот број на испитаници одговориле со „Делумно" за тоа дали со квалитетна соработка на училиштето со родителите се постигнува подобар успех и постигнувања кај учениците.

Со овие три прашање т.е. единаесеттото, тринаесетто и четиринаесеттото прашање се има тенденција да се согледа водењето на евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби, планирањето на начините на соработка со родителите како и дали постигнувањето на подобар успех и постигнувања на учениците е поврзано со квалитетна соработка на училиштето со родителите.

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Единаесеттото, тринаесеттото и четиринаесеттото прашање се во согласност со помошните хипотези *Х5: Со квалитетна меѓусебна соработка на семејството и училиштето позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците* и *Х4:Родителите учествуваат во планирање и реализирање на воннаставните активности во училиштето*.

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека најголем број од испитаниците сите 11 или 100 % се изјасниле со „Да", на единаесеттото прашање и најголем број од испитаниците 10 или 90, 91 % одговориле со „Да" на тринаесеттото прашање, сите испитаници 10 или 90,91 % одговориле со „Да" на четиринаесеттото прашање т.е. стручната служба води евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби, се планираат начините на соработка со родителите и најголем број од стручната служба смета дека со квалитетна соработка на училиштето со родителите се постигнува подобар успех и постигнувања кај учениците. Позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците, семејството/родителите имаат позитивен став во однос на потребата од нивна соработка со училиштето, со што горенаведените помошни хипотези ***се потврдуваат***.



# IV ДЕЛ

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

## Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството

Од извршената анализа на добиените податоци од спроведеното истражување, донесените заклучоци и потврдување на сите помошни хипотези се доаѓа до заклучок дека е потврдена основната хипотеза на истражувањето, односно дека постои организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството.

⇨ **Од извршената анализа на добиените податоци од спроведеното истражување се изведуваат следните заклучоци:**

**1.** Успешната соработка помеѓу семејството/родителите и целокупната организациска поставеност на училиштето придонесува учениците да го прифатат нивниот престој и воспитно-образовниот процес во училиштето, го развиваат и прошируваат својот образовен потенцијал и перспективи, учениците училиштето не го гледаат како на наметната обврска, заинтересирани се за образовниот процес и активно се вклучуваат во него. Со континуирана меѓусебна соработка на семејството и училиштето постојано може да се надминуваат одредените недостатоци во успехот и постигањата на учениците да се има целосен преглед на напредокот на учениците.

**2.** Соработката помеѓу семејството/родителите и училиштето започнува кога детето се запишува во прво одделение и го добива статусот ученик, па сè до крајот на основното образование. Најчест начин на започнување на соработката е со индивидуални информативно-консултативни разговори и понатаму се продолжува со родителски средби, состаноци на тимови, учество во проекти. Секоја форма на соработка е од големо значење за ученикот, наставниот кадар како и за семејството/родителите на учениците.

**3.** Важноста на соработката се согледува во двонасочната размена на информации за учениците. Имено родителот дава информации за ученикот на наставникот кои се во согласност со неговите карактеристики како личност, начин на домашно воспитание, навики, интереси и слично. Од страна на наставниот кадар и останатите структури во училиштето семејството/родителот на ученикот добива информации за неговите постигнувања, неговото однесување во текот на престојот во училиште и

во текот на реализацијата на воспитно-образовниот процес, дисциплината како и за одредени промени во неговото однесување.

**4.** Соработката помеѓу семејството/родителите и целокупната организациска поставеност на училиштето придонесува да се отстранат причините кои доведуваат до одреден неуспех и на учениците, им се обезбедува потребната помош во работата и им се укажуваат евентуални грешки и пропусти.

**5.** Во училиштата постои организациска поставеност на секој субјект со цел успешно реализирање на целокупниот воспитно-образовен процес. Самата организациска поставеност на училиштето е насочена кон соработката со семејството/родителите на учениците. Во училиштата на семејството/родителите се гледа како на значаен и активен субјект кој е вклучен во сите сегменти од процесот на учење и престој на учениците во училиштето. Квалитетот на соработката која се реализира во училиштата со семејството/родителите е на високо ниво во однос на сите субјекти во училиштето.

**6.** Во училиштата со вклучување на семејствата/родителите на учениците како активни субјекти се земаат предвид сите нивни препораки и сугестии во однос на реализацијата на воспитно-образовниот процес. Родителите активно учествуваат во процесот на образование и воспитание во училиштето на нивните деца. Своите препораки, идеи и сугестии имаат можност да ги дадат на родителските средби, на отворените денови во училиштето со секојдневни информативно-консултативни разговори со сите субјекти во училиштето поточно, директор, наставен кадар како и стручна служба. Со овозможување на сето ова се согледува дека организациската поставеност на училиштето овозможува континуирана меѓусебна соработка со семејството/родителите на учениците.

**7.** Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството/родителите на учениците се согледува и со нивно вклучување во хиерархиски високо поставените тела за работа во училиштето. Имено родителите имаат со закон регулирано учество во работата на училишните одбори како и советот на родители. Со овозможување на ова со семејствата/родителите на учениците се остварува соработка со која тие имаат право да донесуваат одлуки за многу

значајни прашања за понатамошната работа на училиштето и целокупниот менаџерски процес. Со нивно учество тие ги добиваат навремено сите информации како во однос на постигнувањата на учениците, реализацијата на вопитно-образовниот процес и целокупниот начин на работа на училиштето.

**8.** Организациската поставеност на училиштата овозможува семејството/родителите да бидат и активни субјекти и во процесот на планирање и реализирање на вонваставните активности.

**9.** Со квалитетна меѓусебна соработка на семејството/родителите и училиштето позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците односно родителите имаат свој удел и донесуваат одлука во континуирана соработка со наставниците и во согласност со интересите и можностите на учениците. Исто така и со почитување на сите законски и педагошки правила се остварува квалитетна соработка со семејствата/родителите на учениците. Со постигнување на квалитетна соработка со целокупната организациска поставеност на училиштето со семејството/родителите на учениците позитивно се влијае врз успехот и развојот на учениците.

**10.** Организациската поставеност на училиштата овозможува соработката со семејството/родителите на учениците да се реализира и во изработката и планирањето на годишните програми за работа во училиштето. Може да се заклучи дека семејството/родителите на учениците претставуваат активни субјекти во процесот на планирање на годишната програма за работа на училиштето како и во процесот на планирање и изработка на програмата за реализација на екскурзии.

**11.** Соработката со семејството/родителите и училиштето во согласност со организациската поставеност на училиштата се остварува и преку вклучување на родителите во работата на училишните тимови. Со вклучување на родители како активни субјекти во работата на тимовите се остварува успешна соработка со нив, имено истите се активно вклучени во работата и на конкретни проблематики во училиштето како што се тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, во инклузивните тимови и слично. Со ова се потврдува дека организациската поставеност на училиштето овозможува соработка со семејството/родителите и во опусот на реализација на работата на тимови. Исто така се остварува

соработка и во активности кои се надвор од наставниот план и програма, односно со нивно вклучување во реализација на одредени проекти поврзани со образованието во кои учествуваат училиштата.

**12.** Организациската поставеност на училиштето овозможува и остварување на континуирана соработка на семејството/родителите со стручната служба на училиштето во рамките на проблематики за кои истите се доволно компетентни. Соработката се овозможува и преку предавања и работилници кои се реализираат од страна на стручната служба. Организациската поставеност на училиштата остварува соработка со стручната служба на училиштето и семејството/родителите и преку советодавно-консултативни разговори и средби.

**13.** Стручните служби во училиштата сметаат дека се остварува квалитетна соработка со родителите и дека раководното тело овозможува квалитетна и континуирана соработка со родителите. Се планираат начините на соработка со родителите со што се потврдува дека организациската поставеност и во однос на стручната служба во училиштата остварува успешна соработка со семејството/родителите.

**14.** Се увидува дека училиштето нуди и постојат повеќе начини во рамките на неговата организациска поставеност за остварување на соработка со семејството/родителите на учениците.

**15.** Постоењето и спроведувањето на ваква организациска поставеност на училиштата во однос на соработката со семејството/родителите дава позитивен став на родителите во однос на потребата од нивната соработка со училиштето.

**16.** Не постојат драстични разлики во однос на ставот на сите три категории на испитаници за позитивното влијание врз учениците кое го има организациската поставеност на училиштето и соработката со семејството/родителите.

**17.** Семејството/родителите се задоволни од организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со нив.

**18.** Наставникот кадар редовно и навремено го информира семејството /родителите на учениците за успехот и постигнувањата на нивните деца. Исто така и на почеток на секоја учебна година ги информираат родителите за наставниот план и програма за работа што претставува само

уште еден од многуте начини на остварувањето на меѓусебната соработка и сето тоа во интерес на учениците.

Насочени пред сѐ кон потребите на учениците и родителите, вклучувајќи го и развојот на родителските компетенции, потребите на наставниот кадар, препораките се однесуваат на креирање програми кои ќе ја олеснат работата на стручните лица во образовните институции и ќе ги развијат родителските компетенции.

Неопходно е да се има предвид дека децата потекнуваат од семејства со различен социјален статус и нивните специфичности, кои мора да се земат предвид при воспоставувањето на соработката. Тоа значи дека семејствата се разликуваат едни од други по начинот на кој се организирани и функционираат.

Родителите имаат свои стилови на однесување, развиле свој систем на вредности и ставови, кои можеби не се во согласност со вредностите на соговорникот кој е претставник на училишната институција. Кај родителите има големи индивидуални разлики во способностите, темпераментот, интересите, ставовите, социјалниот, образовниот, професионалниот статус итн. Важно е наставникот да ги препознае индивидуалните разлики на родителите, да ги почитува и да го приспособи својот начин на комуникација на тие разлики со цел да не дојде до нарушувањето на меѓусебната соработка и комуникација.

Родителите често поради нивната емотивна приврзаност кон детето знаат да бидат некритични и нереални и се случува од нив да очекуваат премногу или премалку. Често се случува да не го препознаат проблемот што се појавил кај нивното дете. Во заеднички разговор кој ги вклучува искуствата на родителите и наставниците, полесно е да се забележи и да се анализира проблемот, полесно да се најдат одговори на нејаснотии, полесно е да се поделат улогите што ќе се прави дома, што на училиште и што можат децата сами да направат. Потребно е да се придонесе за јакнење на природната врска меѓу родителите и децата и поттикнување уште од најраното детство на моторниот, психо-емоционалниот и интелектуалниот развој.

Она што е многу важно е согласноста на родителите и наставниците, тие мора да дојдат до заеднички решенија и ставови, бидејќи детето може да се најде во дилема доколку ставовите на родителите и наставниците се разликуваат. Родителот мора секогаш да биде свесен што е добро за неговото дете, а доколку

не се согласува со ставовите на наставникот, не смее да го искажува тоа во присуство на детето.

Соработката помеѓу семејството и училиштето е најинтензивна кога детето е во одделенска настава. Додека во периодот кога соработката треба да биде на највисоко ниво, односно во периодот на пубертетот на детето, се забележува намалување на интензитетот на соработка, што се сведува само на површни разговори помеѓу родителите и наставниците.

Заедничките родителски состаноци се посветени на колективните проблеми на одделението, додека специфичните проблеми на еден ученик се решаваат на индивидуални состаноци со можност за вклучување и на други родители доколку е потребно.

Суштината на успешната соработка се рефлектира во степенот на вклученост на родителите, односно родителите треба да бидат максимално вклучени во целиот училиштен систем, без разлика дали детето има проблем, родителите треба почесто да разговараат со наставникот и педагогот заедно да го решат проблемот доколку го има или родителите да смислат различни предлози и идеи за воннаставни активности.

Поаѓајќи од ставот дека цел на соработката помеѓу родителите и училиштето треба да биде создавање на услови за оптимален развој на детето, неопходно е ефикасно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес. За да се дојде до успешна имплементација, односно да се унапреди соработката на родителите и училиштето и да се поттикне вклучувањето на родителите во различните аспекти на училишниот живот, неопходно е тежиштето на соработката да се насочи кон обезбедување пооптимални услови за развој на детето.

Родителите се потребни и можат да бидат добри партнери во училиштето. Услови за тоа постојат, нормативната и законската рамка се добри, подзаконските акти на училиштата ги содржат овие елементи или едноставно кажано постојат услови за зајакнување и подобрување на улогата на родителите и нивната партиципација во училиштето.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ангелоска-Галевска, Н. (2003). *Методологија на педагошките истражувања*. Скопје: Скрипта А4. Институт за педагогија Филозофски факултат-Скопје.
2. Ангелоска-Галевска, Н. (1998). *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*. Битола: Киро Дандаро.
3. Адамчевска, С. (2004). *Педагошка експертиза*. Скопје: Институт за педагогија Филозофски факултат-Скопје.
4. Будимир- Нинковиќ, Г. (2009). Савремена породица и школа. Јагодина: Педагошки факултет.
5. Баракоска, А. (2007). *Педагогија- учебно помагало*. Скопје: Институт за педагогија Филозофски факултат-Скопје.
6. Галчева, К. (2014). *Педагогот во полза на родителите или заедно да воспитуваме за безбедно однесување на децата*. Штип: Факултет за образовни науки.
7. Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20).
8. Котева-Мојсовска, Т. (2006). *Семејното воспитание и социјалното однесување на децата*. Скопје: Академски печат.
9. Кенг, Н. (2008). *Квалитативни методи на истражување*. Скопје: Филозофски факултет.
10. Николовска, Ј. (2007). *Педагошко-методички истражувања и погледи*. Скопје: Педагошки факултет Св. Климент Охридски.
11. Петровска, С. (2009). *Семејството и воспитувањето на децата*. Скопје: Алфа.
12. Петровска, С. (2010). *Училишна педагогија и училишна организација*. Штип: Универзитет Гоце Делчев.
13. Стоилковска, А. (2005). *Како да се изгради здрава училишна клима*. Битола: Херакли-Комерц.
14. Софијанова, Е. (2006). *Неконтролирана конфликтност во организациското однесување*. Скопје: Бигос.
15. Темплар, Р. (2006). *Правила родитељства*. Београд: Народна библиотека Србије.
16. Ѓорѓевска-Лакинска, Д. (1987). *Семејството и воспитувањето*. Скопје: Студенски збор.
17. Adams, K. & Christenson, S. (2000). *Trust and the family-school relationship: Examination of parent-teacher differences in elementary and secondary grades*. London: Journal of School Psychology.
18. Andrews, S. W. (2015). P*arents as Partners: Creating a Culture of Respect and Collaboration With Parents*. New York: The Namta Journal.
19. Albright, M. & Weissberg, P. (2010). *Family-school partnerships to promote social and emotional learning*. New York: Routledge.

20. Abbey, A., Pilgrim, C., Hendrickson, P., & Buresh, S. (2000). *Evaluation of a family-based substance abuse prevention program targeted for the middle school years*. New York: Journal of Drug Education.
21. Bailey, L. B., Silvern, S. B., Brabham, E., & Ross, M. (2004). *The effects of interactive reading homework and parent involvement on children's inference responses*. New York: Early Childhood Education.
22. Baumrind, D. (1991). *Effective parenting during the early adolescent transition*. New York: Erlbaum.
23. Bradley, H. (1995). Environment and parenting. In M. H. Bornstein (Ed.). Handbook of parenting. New York: Erlbaum.
24. Bratanić, M. (1990). *Mikropedagogija*. Zagreb: Školska knjiga.
25. Christenson, L. & Sheridan, M. (2001). Schools and families: Creating essential connections for learning. New York: Guilford.
26. Dietel, R. (2001). *How is my child doing in school? Ten research-based ways to find out*. New York: Our Children Magazine.
27. Dadds, M. R., Atkinson, E., Turner, C., Blums, G. J. & Lendich, B. (1999). *Family conflict and child adjustment: Evidence for a cognitive-contextual model of intergenerational transmission*. New York: Journal of Family Psychology.
28. Epstein, L. (1992). *School and Family Partnerships*. Baltimore: Johns Hopkins University.
29. Epstein, J. & Associates. (2008). *School, community, and community partnerships: Your handbook for action*. Calif: Corwin Press.
30. Florić, O. (2007). *Osnove socijalne pedagogije*. Novi Sad: Filozofski fakultet.
31. Fan, W. & Williams, C. (2009.). *The effects of parental involvement on students' academic self-efficacy, engagement and intrinsic motivation in Educational Psychology*. New York: Routledge.
32. Fan, X. & Chen, M. (2001). *Parental involvement and students' academic achievement: A metaanalysis*. New York: Educational Psychology Review.
33. Grandić, R. (2004). *Prilozi porodičnoj pedagogiji*. Novi Sad: Izdanje autora
34. Griffith, J. (1998). *The relation of school structure and social environment to parent involvement in elementary schools*. New York: Elementary School.
35. Grolnick, S. & Slowiaczek, L. (1994). *Parents Involvement in Children's Schooling: A Multidimensional Conceptualization and Motivational Model*: New York: The New Press.
36. Henderson, A., Johnson, V. Mapp, K. & Davies, D. ( 2007). *Beyond the bake sale: The essential guide to family– school partnerships*. New York: The New Press.
37. Hill, N. E. & Taylor, C. (2004). *Parental School Involvement and Children's Academic Achievement*. New York: American Psychological Society.
38. Jeynes, W. (2013). *A Meta-Analysis of the Efficacy of Different Types of Parental Involvement*. Massachusetts: Harvard Family Research Project.

39. Jordan, G. E., Snow, C. E., & Porche, M. V. (2000). *Project ease: The effect of a family literacy project on kindergarten students' early literacy development*. New York: Research Quarterly.
40. Juul, J. (1995). *Vase kompetentno dijete*. Zagreb: Eduga, Nakladno drustvo.
41. Keogh, B. (2009). *Why it's important to understand your child's temperament*. New York: Early Childhood Education.
42. Lopez, A. & Cole, L. (1999). *Effects of a parentimplemented intervention on the academic readiness of five Puerto Rican kindergarten students in an urban school*. New York: School Psychology Review.
43. Maleš, D. (1995). *Pedagoško obrazovanje roditelja.U: Pedagoško obrazovanje roditelja-Međunarodni znanstveni kolokvij*. Rijeka: Sveučilište u Rijeci-Pedagoški fakultet.
44. McGillicuddy-DeLisi, V. (1992). *Parents' beliefs and children's personal-social development Hillsdale*. New York: Erlbaum.
45. Michigan Department of Education. (2002). *What research says about parent involvement in children's education in relation to academic achievement*.
46. Moorman, E. Coutts, M. Holmes, R. Sheridan, M. Ransom, A. Sjuts, M. & Rispoli, M. (2012). *Parent involvement and family-school partnerships: Examining the content, processes, and outcomes of structural versus relationship-based approaches*. CYFS: Working Paper.
47. Pejić, R. (2010). *Unapređivanje saradnje nastavnika i roditelja*. Sarajevo: Filozofski fakultet.
48. Patrikakou, N. (2016). *Parent Involvement, Technology, and Media: Now What?* New York: Erlbaum.
49. Pate, P. & Andrews, P. ( 2006). *NMSA Research summary: Parent involvement*. New York: National Middle School Association.
50. Richman, R. & Rescorla, L. (1995). *Academic orientation and warmth in mothers and fathers of preschoolers: Effects on academic skills and selfperceptions of competence*. New York: Early Education.
51. Steinberg, L. Lamborn, D. Sanford, M. Dornbusch, M. & Darling, N. (1992). *Impact of Parenting Practices on Adolescent Achievement: Authoritative Parenting, School Involvement, and in: Child Development*. Florida: University of West Florida.
52. Siraj-Blatchford, I. (2004). *Educational disadvantage in the early years: How do we overcome it? Some lessons from research*. New York: European Early Childhood Research.
53. Sluga, H. (2006).Family Resemblance. London:Grazer Philosophische .
54. Stevanovic, M. (2001). *Kvalitetna škola i stvaralaštvo*. Varaždinske Toplice: Tonimir.
55. Stefanovic, M. (2000). *Obiteljska pedagogija*. Varazinske Toplice:Tonimir.
56. Trifunović, V. (2006). *Porodica i škola*. Jagodina: Učiteljski fakultet.
57. Taylor, C. Clayton, D. & Rowley, J. (2004). *Academic socialization: Understanding parental influences on children's school-related development*

*in the early years in Review of General Psychology*. North Carolina: University of North Carolina.
58. Vilotijević, N. (2002). *Porodična pedagogija*. Beograd: Učiteljski fakultet- Beograd.
59. Vidovic, V. Vlahovic Shtetic,V. Rijavec, M. & Miljkovic D. (2003). *Psihologija obrazovanja*. Zagreb: Iep –vern.
60. Vickers, S. & Minke, M. (1995). *Exploring parent-teacher relationships: Joining and communication to others*. New York: Quarterly.
61. Valdovinos, A. (2012). *School Engagement Among Parents of Middle School Youth. Chapin Hall Issue Brief.* Chicago: Chapin Hall at the University of Chicago.
62. Weiss, B. Kreider, H. Lopez, M. & Chatman, M. (2005). *Preparing educators to involve families-from theory to practice*. London: Sage publications.
63. Weiss, H. (2008). *Building the future of family involvement.The evaluation exchange*. Massachusetts: Harvard.
64. Zimmerman, E. (1993). *Parents as leaders for children and policy*. Washington: Working Paper.
65. Šimić, Š. Klarin, M. & Proroković, A. (2011). *Sociekonomske prilike obitelji i kvaliteta obiteljske interakcije kao prediktori školskog uspjeha srednjoškolaca u Hrvatskoj, Bosni i Hercegovini i Makedoniji.* Zadar: Odjel za izobrazbu učitelja i odgojitelja predškolske djece.
66. Škundrić, S. (2017). *Uključenost roditelja u školski život djece*. Rijeka: Filozofski fakultet- Rijeka.
67. Djordjević, Z. (1985). *Savremena porodica i njena vaspitna uloga*. Beograd: Prosveta.
68. Ljubetić, M. (2007). *Biti kompetentan roditelj*. Zagreb: Mali profesor.

**Интернет извори:**

1. https://www.skole.hr/odgoj-i-obrazovanje-u-eri-digitalnih-kultura
2. https://www.theguardian.com/commentisfree/2017/jun/12/schools-children-education-coding-toilet-unblocking-rote-learning
3. https://ourworldindata.org/
4. https://sedl.org/connections/resources/evidence.pdf
5. https://digitalcommons.unl.edu/
6. https://files.eric.ed.gov/
7. http://www.afterschoolalliance.org/issue_briefs/issue_parentc
8. https://mk.wikipedia.org
9. http://www.cse.ucla.edu/
10. https://experts.umn.edu/
11. https://archive.globalfrp.org/
12. http://www.ncrel.org/sdrs/areas/issues/envrnmnt/css/cs100.html
13. http://www.ncrel.org/
14. https://eprints.ugd.edu.mk/
15. https://inclusion-international.org/
16. https://www.stepbystep.org.mk



# V ДЕЛ

# ПРИЛОЗИ

**ПРИЛОГ БР. 1**

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Почитувани наставници,

Овој анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по Ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на мојот магистерски труд. Добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражување е ***Организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството.***

Пред Вас се  тврдења на кои Вие треба да го заокружите одговорот кој е одраз на Вашето мислење.

Понудени се следните одговори:

а) ДА

б) ДЕЛУМНО

в) НЕ

Однапред Ви благодарам за соработката!

1. Дали редовно и навремено ги информирате родителите за успехот и постигнувањата на нивните деца?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

2. Дали сметате дека училиштето има доволно начини на соработка со родителите?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

3. Дали навремено и редовно одржувате родителски средби?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

4. Дали остварувате контакти со родителите при планирање на воннаставни активности ?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

5. Дали одржувате отворен ден за родители во училиштето?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

6. Дали дадените предлози од родителите ги земате предвид во текот на вашата работа?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

7. Дали од родителите од секое одделение има претставници во Советот за родители?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

8. Дали остварувате соработка со родителите на ниво на училишни тимови?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

9. Дали во склоп на вашите годишни програми изработувате програма за соработка со родители ?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

10. Дали вклучувате родители во реализација на проекти во училиштето?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

11. Сметате ли дека родителите се доволно вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

12. Дали во текот на вашата соработка со родителите се постигнати позитивни ефекти ?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

13. Дали на почеток на секоја учебна година ги информирате родителите за наставниот план и програма за работа?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

14. Дали родителите доброволно и самостојно ви се обраќаат со цел да се надмине некој евентуален проблем кај ученикот?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

**ПРИЛОГ БР. 2**

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ

Почитувани родители,

Овој анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по Ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на мојот магистерски труд. Добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражување е ***Организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството.***

Пред Вас се  тврдења на кои Вие треба да го заокружите одговорот кој е одраз на Вашето мислење.

Понудени се следните одговори:

а) ДА

б) ДЕЛУМНО

в) НЕ

Однапред Ви благодарам за соработката!

1. Дали сте задоволни од организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со вас?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

2. Дали сметате дека училиштето има доволно начини на соработка со родителите?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

3. Дали вие како родител сте вклучени во процесот на изработката и планирањето на годишната програма за работа на училиштето со ваши препораки и сугестии?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

4. Дали вие како родител сте вклучени во процесот на изработка и планирање на програмата за екскурзии на училиштето?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

5. Дали сте вклучени во процесот на планирање на воннаставни активности во училиштето?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

6. Дали родителите се вклучени во составот и работата на управниот орган на училиштето т.е. Училиштен одбор?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

7. Дали во училиштето функционира Советот на родители?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

8. Дали родителите се вклучени во составот на училишните тимови на училиштето?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

9. Дали вие како родител сте навремено и целосно информирани за успехот и постигнувањата на вашето дете?

   а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

10. Дали вие како родител имате соработка со стручната служба на училиштето?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

11. Дали сметате дека доволно се реализираат отворени денови за родители во училиштето?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

12. Дали сметате дека родителите се доволно вклучени во реализација на проекти во училиштето?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

13. Дали сметате дека сте доволно вклучени во воспитно-образовниот процес на вашите деца?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

14. Дали сметате дека има позитивни ефекти од реализирање на соработката помеѓу семејството на учениците и училиштето?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

15. Дали сметате дека постои влијание на соработката на родителите со сите субјекти во училиштето врз успехот на учениците?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

16. Дале сметате дека вашите препораки и сугестии се прифатени од страна на раководниот орган на училиштето?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

17. Дали сметате дека е квалитетна вашата соработка со училиштето?

    а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

**Организациската поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството**

18. Дали сметате дека има позитивно влијание од советодавно-консултативните разговори со родителите врз успехот на учениците?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

19. Дали според вас училиштето со континуирана соработка со родителите има влијание врз вашиот однос кон детето и стиловите на родителство?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

**ПРИЛОГ БР. 3**

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СТРУЧНА СЛУЖБА

Почитувани,

Овој анкетен прашалник е анонимен и се пополнува по Ваша лична желба. Се работи за истражување поставено во рамките на мојот магистерски труд. Добиените резултати ќе се користат исклучиво за доказ на поставените хипотези во трудот. Темата на истражување е ***Организациска поставеност на училиштето во однос на соработката со семејството.***

Пред Вас се  тврдења на кои Вие треба да го заокружите одговорот кој е одраз на Вашето мислење.

Понудени се следните одговори:

а) ДА

б) ДЕЛУМНО

в) НЕ

Однапред Ви благодарам за соработката!

1. Дали вие како стручна служба во училиштето сметате дека се остварува квалитетна соработка со родителите?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

2. Дали реализирате советување на родители во училиштето?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

3. Дали реализирате советодавно-консултативни разговори со родителите?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

4. Дали реализирате предавања и работилниците на стручни теми за родителите ?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

5. Дали сметате дека во вашето училиште раководното тело овозможува квалитетна и континуирана соработка со родителите ?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

6. Дали родителите се вклучени во текот на изработката и планирањето на годишните програми во училиштето?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

7. Дали се одржуваат редовни состаноци на Советот на родители?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

8. Дали кога училиштето учествува во одредени проекти ги вклучувате и родителите?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

9. Дали сметате дека родителите во училиштето се навремено информирани за сите новини во воспитно-образовниот процес ?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

10. Дали сметате дека доволно се одржуваат отворени денови за родителите во училиштето?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

11. Дали водите евиденција и контрола за редовноста и дневниот ред на родителските средби?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

12. Дали одржувате средби и предавања со родителите за професионалниот развој на учениците односно за нивното понатамошно образование?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

13. Дали се планираат начините на соработка со родителите?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО

14. Дали сметате дека со квалитетна соработка на училиштето со родителите се постигнува подобар успех и постигнувања кај учениците?

а) ДА б) НЕ в) ДЕЛУМНО